НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

EU Institute
Skopje

Скопје, февруари 2024

Здружението за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје е граѓанска организација основана во Октомври 2018 година согласно Законот за здруженија и фондации со основна цел за промовирање и развој на европските вредности преку организирање и реализација на истражувачки и едукативни проекти од областа на европските вредности, меѓуетничките односи, човекови права, пазарот на капитал, медиуми и комуникации и други соодветни активности, како семинари, конгреси, тренинзи, обуки и слично.

Мисија

Мисија на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје е да открие и одговори на секоја потреба и ситуација во општеството преку создавање на институционална промена, подобро граѓанско образование, да потикне граѓански активизам при тоа нудејќи простор за доживотно учење, простор за личен и социјален развој.

Визија

Визија на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје е да ги сплоти младите луѓе во партнерство со возрасните активно да учествуваат во социјалните процеси, да превземат лична одговорност за моменталната состојба и секако преку личен раст и развој да придонесат за креирање на подобро општество.

Цел

Цел на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје е промоција и развој на европски вредности и стандарди, развој и развивање на меѓуетничка толеранција и еднаквост, подигнување на свеста на граѓаните во остварување на нивните човекови права, развој и подобрување на економската соработка со земјите од Европската Унија, развој и промовирање на проекти од сферата на медиумите и комуникациите, други цели со кои ќе се придонесе за градење на позитивно јавно мислење во врска со остварувањето на ЕУ аспирациите во Северна Македонија.

Основни начела на делување

Основни начела на делување на здружението се засноваат на независност, јавност, транспарентност, непрофитност, непартиско делување и иницијативи во јавниот живот. Решенијата во статутот се во согласност со решенијата предвидени во Законот за здруженија и фондации.

Делување

Доминантно ниво на делување на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје во статутот, стратегиите и други референтни документи е дефинирано како национално.

Издавач: Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Автор: Верица Пандилоска Гичева

Наслов на публикација: Наративен извештај 2023

Уредник: Звонко Гичев

Печатење и дизајн: ДИГИПРИНТ

Тираж: 50

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2:[37:341.171(4-672ЕУ(497.711)"2023"(047)

ПАНДИЛОСКА Гичева, Верица
Наративен извештај 2023 / Верица Пандилоска Гичева. - Скопје : ЕУ Институт Скопје, 2024. - 97 стр. : фотографии ; 30 см

ISBN 978-608-4880-16-5

а) ЕУ Институт (Скопје) -- Активности -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 63029765

СОДРЖИНА

Обраќање на претседателот за 2023 година
Стратегии и приоритети во 2023
Што обезбеди Здружението за граѓаните во 2023

1. **Стратегии и програми за развој**
    - Основни пристапи и стратегии во изградбата на квалитетно образование.
    - Програми за развој на комуникациски вештини и инклузивни капацитети.
2. **Реализирани проекти во сектор образование**
    - Проекти во основните општински училишта за комуникациски вештини.
    - Проекти за зголемување на инклузивните капацитети на кадарот во училиштата и детските градинки.
3. **Соработки и меморандуми за соработка**
    - Соработка со Основно училиште “Мирче Ацев“ и други јавни установи за деца.
    - Меморандуми за соработка со училиштата и други образовни институции.
4. **Промоција на Публикации**
    - Промовирани монограмски публикации:

    "ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ“ и “ПАТ КОН УСПЕХ“.
5. **U4FUTURE**
    - Клуб за развој на млади и
    - Практикантство - Учество во државни агенции и финансиран проект од British Embassy Skopje.
6. **Обуки**
    - Комуникациски вештини во ЈУДГ на ОГБ
    - Инклузија
    - Емпатија
    - Ментално здравје
7. **Блог објави**
    - ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ
    - КОЛКУ НИ ЗНАЧИ ВЕРАТА
    - ЗНАЧЕЊЕТО НА ЖИВОТОТ
    - СТРЕС ИЛИ БЕС!?
    - ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА РОДИТЕЛСТВО?
    - “U4Future“ МЕСТО КАДЕ СИТЕ ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ ДОБРЕДОЈДЕНИ
    - Повик за будење
    - Волшебна ноќ со LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA
    - Што ни ги заробува душите
    - Честит ИЛИНДЕН!

- Реализирана обука за воспитно образовен кадар ЈУДГ – Општина ГАЗИ БАБА
- Инспирација за Социјално Претприемништво и Заеднички Ангажмани (РСМ-Холандија)
- Пријавете се за БЕСПЛАТНИ обуки за воспитно образовен кадар во инклузивното образование во Општина АЕРОДРОМ!
- МАКЕДОНЦИ, ЧЕСТИТ ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТ!
- АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК: "ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ НА ООУ ВО Општина АЕРОДРОМ" 2023
- Единство на дијаспората во Холандија: Празник на Независноста на Македонија во срцето на Европа
- Завршна манифестација за проект "КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ 2023" ОГБ
- ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ЈАВЕН ПОВИК ЗА БЕСПЛАТНИ ОБУКИ НА МЛАДИ ДЕВОЈКИ КОИ ЖИВЕАТ, УЧАТ,РАБОТАТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
- ЗАВРШНА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ПРОЕКТ СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ДЕЦА ВО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ
- ЈАВЕН ПОВИК ЗА БЕСПЛАТНА ОБУКА ЗА СТУДЕНТИ ПО МЕДИЦИНА
- КАКО ДА ОСТАНЕТЕ ЗДРАВИ И УСПЕШНИ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДЕНОВИ
- ИНТЕГРИРАНА СОРАБОТКА: Одговорност и можности за комуникациски вештини и развој на детето ОГБ

Обраќање на претседателот за 2023 година

Почитувани,

Со задоволство и почит ви го претставувам извештајот за 2023 година на Здружението за образовно истражувачки развој *"ЕУ ИНСТИТУТ Скопје"*. Годината што помина беше период на неизмерен напредок и постигнување во сферата на млади, предучилишното и училишното образование (развојот на капацитетите на кадарот), каде што секој наш напор прерасна во конкретни активности со голем значај за заедницата.

2023 година, преку нашата посветеност и постојано ангажирање, реализиравме широки и разновидни активности, обемни програми приспособени на потребите на образовниот сектор. Преку стратегии со фокус на развој на комуникациски вештини, инклузивни практики, стимулирање на женско претприемништвото, ја остваривме нашата главна цел, да продолжиме на вистинскиот пат, кон креирање на образование што ги унапредува истражувачките и развојните потенцијали на нашата заедница.

ЕУ ИНСТИТУТ Скопје вложи напори во остварување на целите. Преку иновативни програми за развој на комуникациски вештини и инклузивни капацитети, активностите на нашата организација продолжија да имаат значителен удел во основните училишта, детските градинки и факултетите во заедницата.

Се потрудивме да внесеме позитивно влијание во заедницата во ова тешко економско, психолошко и здравствено време. Со нашите програми и активности, нашиот тим работеше неуморно за да одговори на секоја општествена потреба и да остави трајно позитивно влијание во околината.

Оваа година, преку нашата посветеност кон младите луѓе и нивните потреби, воведовме иновативни програми и активности што ги надградуваат нивните потенцијали и ги охрабруваат да ги искористат можностите што им се нудат. Преку образовни обуки и проекти за претприемништво, студентите и младите девојки добија знаења за развој на нивните вештини и способности, кои веруваме дека ќе креираат лидери и иноватори на иднината.

Ова се само дел од нашите напори и ангажмани за да го подобриме образованието и за да го надградиме кадарот. Ние, како *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*, сме во постојана ангажираност за искористување на нашите ресурси и енергија за одговор на потребите на времето и за изградба на подобра заедница која не засега сите и е за сите нас. Посветени сме на идејата дека вистинското надградување и напредок се остварува кога секој граѓанин се освестува и менува.

Затоа, и понатаму ќе продолжиме да бидеме оние кои го поставуваат човекот на прво место и активно ќе се ангажираме за изградба на уште посилна и инклузивна заедница, каде сите можат да растат и да се развиваат.

Со почит,
м-р Верица Пандилоска Гичева - Претседател на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Стратегии и приоритети во 2023

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

Здружение за образовно истражувачки развој “ЕУ ИНСТИТУТ Скопје“

Во изминатата 2023 година, Здружението за образовно истражувачки развој “ЕУ ИНСТИТУТ Скопје“ го посвети своето ангажирање кон низа стратегии, остварувајќи значајни постигнувања што имаат ефекти врз образованието и заедницата.

1. **Поттикнување на образовно истражувачки развој во РСМ**: Преку иновативни програми и активности, ние активно го поттикувавме истражувачкиот дух во образованието.
2. **Соработки со општините во град Скопје**: Нашата соработка со општините во оваа област имаше значителен удел во остварувањето на нашите цели.
3. **Подобрување на менталната хигиена на воспитно-образовниот кадар**: Нашите напори беа насочени кон подобрување на менталната хигиена во градинките, основните училишта и факултетите.
4. **Учество во создавање услови за социо-емоционален развој на децата и капацитет на кадарот**: Активностите што ги реализиравме допринесоа за создавање на услови за социо-емоционален развој на децата, како и за засилување на капацитетот на кадарот во инклузивното образование.
5. **Малдинска иницијатива U4FUTURE и поддршка на младинска заедница**: Преку нашите напори и иницијативи, креиравме младинска заедница U4FUTURE, остварувајќи значителен напредок.
6. **Јакнење на човечките ресурси во системот на образование и воспитание**: Нашите активности се насочени кон јакнење на човечките ресурси во образованието, допринесувајќи за нивното јакнење на капацитети.
7. **Поттикнување на младите за волонтерство, учество и активизам**: Преку нашите програми, младите се поттикнаа да учествуваат во волонтерски активности и активизам во заедницата.
8. **Издавање и промоција на монограмски публикации, книги и образовни прирачници**: Нашите 2 нови изданија и образовни ресурси допринесоа за зголемување на образовните стандарди во заедницата.
9. **Организација на завршни манифестации**: Нашите манифестации беа место на кои ги покажавме постигнувањата и промовиравме значајни моменти од нашите активности.
10. **Поддршка за Претприемништво кај Младите:** Ангажманот на Здружението во областа на претприемништвото и развојот на вештини кај младите. Иницијативи и програми за развој на претприемнички вештини кај младите девојки и младинците, креирајќи платформи и поддршка за нивниот професионален развој и иновации.

Оваа комплексна стратегија на активности го рефлектира нашиот ангажман кон важни образовни и истражувачки цели, и ние сме почестени што бевме дел од овие напори за подобрување на образованието и заедницата.

Што обезбеди Здружението за граѓаните во 2023

Здружението за образовно истражувачки развој постигна значителни напредоци во поддршка на заедницата, обезбедувајќи:

- **Едукации и совети:** Пренесување на знаење и консултации за граѓаните, воспитното-образовен кадар во градинките за социо-емоционален развој на децата, како и акценти на инклузивното образование и развој на комуникациски вештини.
- **Психо-социјална поддршка:** Едукации и модули за мотивација, самодоверба, редукција на стресот и личен развој за различни категории на граѓани.
- **Кариерно советување:** Поддршка за претприемништво за девојки, жени, средношколци, студенти и младинци преку професионална ориентација и личен развој, обезбедувајќи практични искуства кај работодавците.
- **Менторска поддршка:** Континуирана одржлива комуникациска писменост преку директно менторирање, консултации и совети.
- **Поддршка на граѓанскиот сектор:** Промоција на граѓанскиот сектор преку портали, телевизиски гостувања и други медиуми, со цел развој на дијалог и граѓанскиот сектор за решавање на локални предизвици.
- **Организација на настани и конференции:** Реализација на конференции и едукативни, културни настани во град Скопје и онлајн, во соработка со високо образовни институции, општини и други невладини организации.
- **Креирање на јавно мислење - Истражувања што обликуваат гледишта:** Преку различни истражувања на четири различни теми, обезбедивме можност за креирање на јавно мислење и развој на основи за информирани одлуки во заедницата.

Ова е само дел од ангажманот и напорите што ги оствари Здружението за образовно истражувачки развој “ЕУ ИНСТИТУТ Скопје“ со фокус на образование, поддршка на заедницата и развој на граѓанскиот сектор.

1. Стратегии и програми за развој

- *Основни пристапи и стратегии во изградбата на квалитетно образование.*

Вовед во стратегии и програми за развој

Инвестирањето во образование не креира само индивидуален раст и развој, туку и развива една целосно подготвена и продуктивна заедница. Во нашата ангажираност за подобрување на образованието, разработивме и имплементиравме стратегии и програми што се фокусираат на две клучни области*: изградба на квалитетно образование* и *развој на комуникациски вештини и инклузивни капацитети.*

Квалитетното образование не е само вложување во знаење, туку и создавање на стимулативна и поддржувачка научна средина. Нашиот пристап за изградба на квалитетно образование се фокусира на иновациите, примената на најдобрите образовни практики, како и употребата на технолошки идентификувани ресурси.

- *Програми за развој на комуникациски вештини и инклузивни капацитети.*

Во продолжение е детално објаснување на стратегиите и програмите што ги имплементиравме за развој на квалитетно образование и развој на комуникациски вештини и јакнње на инклузивни капацитети на воспитно образовниот кадар во ООУ и ЈУДГ.

1.1. Стратегии за квалитетно образование

Во продолжение е опис на основните пристапи и стратегии што ги користевме за подобрување на квалитетот на образованието, вклучувајќи иновативни методи, образовни програми, технолошки алатки и други ресурси кои од страна на "ЕУ ИНСТИТУТ Скопје" се користеа во оваа 2023 со цел подобрување на квалитетот на образованието во различните нивоа на учење.

Стратегија 1 - Интеграција на технологија во наставниот процес: Истакнување на примената на нови технологии како што се е-учење, интерактивни апликации, виртуелни часови, и други технолошки алатки што ги користевме за подобрување на искуството на учење и квалитет.

Стратегија 2 - Иновативни методи на настава: Иновативни методи на настава кои ги користевме, како што се диференцирана настава, проектно базирано учење, колаборативни активности, и други активности кои ги имплементиравме за стимулирање на активно учење и развој на критичко мислење.

Стратегија 3 - Развој на образовни програми: Специфични програми и курсеви што ги дизајниравме и имплементиравме, нивните цели, методи на евалуација и реакции од учениците/учителите/родителите.

Стратегија 4 - Поддршка за учениците: Истакнување на методите и програмите за поддршка на учениците, како индивидуална помош, дополнителни наставни ресурси, програми за развој на способности и слично.

Стратегија 5 - Однесување на образовни институции кон меѓународни стандарди: Нашите иницијативи и реформи во образованието се одвиваат во согласност со европските стандарди за образование. Стремејќи се кон подобрување на квалитетот, претходните ревизии на стандардите и промените што ги воведовме се фокусираа на усогласување со највисоките меѓународни критериуми на образование.

Основни пристапи за квалитетно образование

Комуникациските вештини и способностите за инклузија се есенцијални за успешно и задоволително учење. Преку програмите што ги развивме, се фокусираме на подобрување на комуникациските вештини, креирање на инклузивна средина и поддршка за сите ученици и наставници за успешно учење и развој.

1.2. Програми за Развој на Комуникациски Вештини и Инклузивни Капацитети:

Следува објаснување на конкретните специфични програми и активности што беа реализирани и кои ги имплементиравме за подобрување на комуникациските вештини и јакнење на капацитетите за инклузија. Следи детален преглед на информации за обуките, работилниците, програмите за поддршка на наставниците и другите иницијативи што беа имплементирани.

Програма 1 - Обуки за Комуникациски Вештини: Реализирани тренинзите и обуките што ги организиравме за учениците и наставниците за подобрување на комуникациските вештини. Вклучувајќи теми, како активно слушање, вербална и невербална комуникација, емпатија, емоционална интелигенција, вештини на слушање, преговарање, итн.

Програма 2 - Работилници за инклузија: Представување на работилниците инклузивните капацитети на кадрот во ООУ, Инклузија во училница, програми за поддршка на инклузија што ги имплементиравме во училиштата како образовните институции. Техники и имплементација на начините за подобрување на капацитетите на воспитно образовниот кадар и стручните служби за вклучување на учениците со посебни потреби или со различно културно-етничко потекло.

Програма 3 - Програми за сензибилизација и толеранција: Програми и проекти за поддршка на учениците за разбирање на различностите, превенција на булирањето или развој на вештини за управување со конфликти.

Програма 4 - Модели на образование за инклузија: Специфични методи и програми што ги користевме за образование на учениците од различни културни и етнички групи, вклучувајќи учениците со посебни потреби.

Програма 5 - Развој на материјали и ресурси за инклузивно образование: Разработката на учебник со наслов *"Инклузивни капацитети на кадарот во ООУ"* претставува комплетен сет на образовни материјали и методологии и е комплетна студија на случај во која се опфатени 8 Основни Општински Училишта на територија на Општина Аеродром-Скопје, РСМ. Овој учебник вклучува насоки, инструкции и истражувачки податоци со намена да служи како модел за вработување насоки за идни програми на работа и да биде основа за развој на подобрувања во иднина.

Програма 6 - Развој на материјали и ресурси за претприемништво кај млади девојки: Креиравме навигациски водич со наслов "Од почеток кон успех" што служи како образовен ресурс со цел да ги поддржиме младите жени во развивањето на претприемничките способности во локалната заедница, Општина АЕРОДРОМ.

Овој водич обезбедува комплетни информации, насоки и се што е потребно за изградба на чиста и прегледна слика за претприемништвото кај младите жени и за креирање на успешни бизниси. Исто така, вклучува комплетна *студија на случај*, истражување кое содржи резултати од наменски истражувачки податоци, примерок од 364 средношколци и изработена методологија за работа врз основа на добиените резултати.

2. Реализирани проекти во образованието

- Проект за Јавни установи за деца-детски градинки

Проект: КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ВО ГРАДИКИТЕ

Партнер во проектот: Општина ГАЗИ БАБА

Целно подрачје и локација: Градинки на територија на Општина ГАЗИ БАБА

Цел: Јакнење на капацитетите на воспитно образовните работници, воспитувачки/негувателки и стручни служби

Целна Група: Воспитно образовен кадар во градинките

Опис на активноста: Истражување за креирање на јавно мислење и креирање Методологија на општествено опкружување и програма за обуки за подобрување и зајакнување на лични и колективни комуникациските вештини на кадарот (негувателки, воспитувачки и стручни служби) во градинките на територија на Општина Гази Баба-Скопје.

Период на имплементација: 2 месеци.

- Проект за зголемување на инклузивните капацитети на кадарот во општинските училиштата на територија на Општина ГАЗИ БАБА – Скопје, РСМ

Проект: "СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ДЕЦА ВО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ"

Партнер во проектот: Град СКОПЈЕ

Подржувач: Општина Аеродром - Скопје

Целно подрачје и локација: ООУ "Лазо Ангеловски" Општина АЕРОДРОМ-Скопје

Цел: Креирање позитивна долгорочна промена и придонес кон јакнење на капацитетите на воспитно образовниот кадар во училиштето

Целна Група: Воспитно образовен кадар во училиштето

Опис на активноста: хибриден модел на он-лајн обука и програма со физичко присуство, реализација на анкета за креирање на јавно мислење, креирање методологија на општествено опкружување и програма за обуки за подобрување и зајакнување на лични и колективни комуникациските вештини на кадарот во училиштето, за подобрено инклузивно училишно образование.

Период на имплементација: 2 месеци.

- Проект за зголемување на претприемничките капацитети на младите девојки на територија на Општина АЕРОДРОМ – Скопје, РСМ

Проект: ПРЕТРПИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ



Донатор: Сектор за локален економски развој - Одделение за поддршка и развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации на *Град Скопје*

Поддржувачи на проектот: Општина АЕРОДРОМ и СУГС "Владо Тасевски" – Скопје

Целно подрачје и локација: Општина АЕРОДРОМ – Скопје

Цел: Проектот има за цел да ги охрабри младите жени со практични вештини за успешно претприемништво и кариерна изградба, да ги поддржи во развојот на инклузивни и одржливи бизнис и општествени иницијативи, и да создаде можност за вклучување на сите слоеви на заедницата.

Целна Група: Девојки/жени, млади кои се среќаваат со различни предизвици и барања, вклучувајќи го недостатокот на информации и свест за претприемништвото и кариерните можности, недоволната поддршка и менторство, како и стереотипите и социјалните норми што ги ограничуваат во нивниот избор и напредок. Оваа целна категорија има огромен потенцијал и талент, со соодветна поддршка и образование да се поттикне и охрабри со цел да осигура успешно справување со овие предизвици.

Опис на активноста: Хибриден модел на он-лајн обука и програма со физичко присуство, реализација на анкета за креирање на јавно мислење, креирање Методологија на општествено опкружување и програма за обуки.

Период на имплементација: 1 месец.

Добиен проект во 2023 кој ќе се реализира во 2024

Проект: КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН КАДАР ВО ГРАДИКИТЕ

Партнер во проектот: **Општина АЕРОДРОМ**

Целно подрачје и локација: Градинки на територија на Општина АЕРОДРОМ

Цел: Зајакнување на капацитетите на воспитно бразовните работници, воспитувачки/негувателки и стручни служби

Целна Група: Воспитно образовен кадар во градинките

Опис на активноста: Хибриден модел на он-лајн обука и програма со физичко присуство, реализација на анкета за креирање на јавно мислење, креирање Методологија на општествено опкружување и програма за обуки за подобрување и зајакнување на лични и колективни комуникациските вештини на кадарот во во градинките.

Период на имплементација: 3 месеци.

3. Меморандуми за соработка

☑ Меморандум за соработка со Основно општинско училиште “Мирче Ацев“ Општина Ѓорче Петров – Скопје, РСМ



Оваа соработка со Основното училиште "Мирче Ацев" претставува значаен аспект во нашата ангажираност за подобрување на образованието и општествената поддршка за заедницата.

Ова е една од соработките во сферата на училишното образование, каде создадовме тесна врска и партнерство со училиштето, и тоа во контекст на подобро образование и развој на нашите деца.

Соработката понатаму ќе вклучува редовни консултации и соработка на различни образовни и развојни иницијативи. Нашите засилени напори се насочени кон размена на знаења, образовни ресурси и најдобри практики, што придонесува за подобрување на квалитетот на образованието и раст на нашата заедница. Соработката не само што овозможува размена на идеи, туку и креира иновативни начини за поддршка на учениците и нивното општествено вклучување.

Овој вид на партнерство нè охрабрува да развиваме програми и активности што ги поддржуваат образовните потреби и развојот на децата, ги усовршуваат наставниците и засилено ги обликуваат училишните и развојните стратегии.

☑ Меморандум за соработка со други воспитно образовни институции ЈУДГ

- Јавната установа за деца – Детската градинка “25 Мај” Општина Гази Баба-Скопје, вклучувајќи ги нејзини клонови (Сонце, Синоличка, Искра, Детелинка, Морковче, Пони)



4. Промоција на Публикации


- Промовирани монограмски публикации:
  - ✓ "ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ" и
  - ✓ "ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ"



Фотографија 1 Промоција на публикација "ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ" ООУ "Лазо Ангеловски" ОА Скопје, РСМ 2023



Фотографија 2: Предавање и промоција на истражувачки резултати од Студија за ООУ "Лазо Ангеловски" ОА Скопје, РСМ 2023



Фотографија 3: Промоција на публикација "ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ" (претприништво) СУГС "Владо Тасевски" ОА-Скопје РСМ 2023



Фотографија 4: Завршна манифестација на проект "ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ" СУГС "Владо Тасевски" ОА, Скопје 2023

5. U4FUTURE – Клуб за развој на млади и обуки за млади

a. Учество во државни агенции и финансиран проект од British Embassy Skopje.

Во текот на тековната 2023 година, нашата организација, соработуваше повторно со *Националниот младински совет* и *Stella Network*, спроведен преку проектот *„МладиХаб – надминување на нееднаквоста меѓу младите"*. Овој проект, финансиран од Британската амбасада во Скопје, имаше за цел да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени во возраст од 15 до 29 години во Северна Македонија да бидат активни во општеството и да имаат поеднаков пристап до можностите во јавниот живот и приватниот сектор.

Во рамките на овој проект, нашата организација "ЕУ ИНСТИТУТ Скопје" доби нов млад практикант со кој соработуваше. Амрја Ејуп студент на Медицинскиот факултет успешно учествуваше во проектните активности на здружението како млад практикант. Таа беше активен дел на нашата младинска заедница U4FUTURE каде како млада девојка ги зајакна личните капацитети и придонесе во остварувањето на целите на проектот, промовирајќи активност и еднакви можности за младите граѓани во земјата.



Фотографија 5: Амра Ејуп – практикант во "ЕУ ИНСТИТУТ Скопје"

Студентката доби свој ментор, м-р Верица П. Гичева, која ја водеше низ текот на двомесечната работа во рамките на проектните активности и ангажманите во здружението. Таа имаше привилегија да работи со менторот, учејќи теоретски и практично, истовремено зајакнувајќи ги личните капацитети.

Нејзиното учење и стекнати искуства, ширење на знаењето и вештините придонесе и во изградбата на нејзината кариера и нивото на ангажман во заедницата.

6. Обуки

Обуките се основен столб на развојот на способности и степенот на професионалност. Овие предавања, тренинзи и работилници имаат есенцијално значење во унапредувањето на вештините и компетенциите на учесниците. Нивната важност не се мери само во стекнатото знаење туку и во развојот на практичните вештини што ги овозможуваат градење на успешна кариера.

Преку овие обуки, кадарот во училиштата и генерално младите стапија во контакт со најновите методи, техники и тенденции во образованието и други области, откривајќи нови начини за ефикасност и квалитет на работата. Затоа, посветувајќи се на овие процеси на учење и подготвување, се потрудивме како организација на учесниците да им овозможиме да го зајакнат својот капацитет за успешно носење со предизвиците во нивната професионална средина.

- Невербална VS Вербална комуникација за наставен и стручен кадар во ООУ “Мирче Ацев“ Општина Ѓорче Петров – Скопје

Обуката за невербална наспроти вербална комуникација за наставен и стручен кадар во ООУ "Мирче Ацев" во Општина Ѓорче Петров во Скопје претставува есенцијален дел од развојот на професионалните капацитети на учесниците. Оваа програма ги истражува разликите и важноста на јазичните и невербалните елементи на комуникацијата во образованието, овозможувајќи на учесниците да развијат поголема свесност и вештини за ефективно комуницирање со учениците, колегите и заедницата. Преку практична сесија и теоретски концепт, оваа обука ги освежи и унапреди стиловите на комуникација на учесниците, што им овозможи подобро разбирање и успешно водење на училишните активности.

- Комуникациски вештини за негувателки, воспитувачки и стручни служби во ЈУДГ – детски градинки на територија на Општина Гази Баба – Скопје

Обуката за комуникациски вештини за негувателки, воспитувачки и стручни служби во ЈУДГ – детските градинки на територијата на Општина Гази Баба – Скопје, се фокусираше на ефективната комуникација во околината на предучилишното образование.

Оваа наменсска програма беше наменета да ги подобри комуникациските вештини на професионалците во овој сектор, со цел поддршка и разбирање на потребите и развојот на малите деца.

Преку сесии, сценарија и примери од праксата, обуката ги поттикна учесниците да развијат емпатија, слушање и чувствителност кон потребите на децата, што им овозможува посветеност и подобро работење со нив. Оваа обука им овозможи на учесниците да станат поефективни и задоволни професионалци во рамките на образовниот систем.

- Инклузија - обуки за зајакнување на наставен и стручен кадар во 8 основни општински училишта на територија на општина Аеродром – Скопје

Обуките за инклузија за наставниот и стручниот кадар во основните училишта на територијата на општината Аеродром – Скопје имаа значаен придонес во подигањето на инклузивните капацитети на професионалците во образованието.

Овие обуки се дизајнираа со цел да ги подобрат вештините и знаењата на учителите за работа со различни типови на ученици, вклучувајќи ги и оние со различни образовни потреби.

Преку разновидни методи, вклучувајќи и сценарија од реалната пракса и делови на иновативни педагошки пристапи, обуките ги поттикнаа учесниците да ги идентификуваат потребите на секој ученик, да креираат инклузивно училно окружување и да ги развијат своите вештини за адаптирање на наставата според различните ученички потреби. Ваквиот педагошки пристап им овозможи на наставниот и стручниот кадар да креираат позитивна средина за учење каде секој ученик има можност за развој и успешно вклучување во образовниот процес.

- Реализирани обуки за студенти и преку клубот U4FUTURE

Обуките реализирани преку клубот U4FUTURE за студентите на Медицинскиот факултет Скопје беа организирани со фокус на поддршка и развој на студентите во текот на нивните студии. Специфично кастомизирани за студентите во медицина, обуките имаа за цел да ги засилат самодовербата и мотивацијата, со цел подобрување на аспектите на нивниот живот што се поврзани со студирањето.

Преку интерактивни сесии и активности, студентите добија важни алатки и стратегии за управување со студиските предизвици, подобрување на својата психолошка благосостојба и развој на вештини за успешно справување со студентските задачи и предизвици.

Овие обуки ги поддржаа студентите да изградат здрава основа за нивниот академски и личен раст и развој, истовремено негувајќи го позитивното учење и ангажманот во студентската заедница.

- Обуки за претприемништво на млади девојки на територија на Општина Аеродром

Обуките за претприемништво на младите девојки на територијата на Општина Аеродром – Скопје беа обемни и објекивни, пружајќи широк спектар на знаења и вештини. Креирани специфично за средношколките, студентките и младите, овие обуки овозможија поглед во светот на претприемништвото.

Програмата опфати важни аспекти како вовед во претприемништвото, процесот на планирање и развивање на идеи, финансиска одржливост, маркетинг и брендирање, користење на технологија и иновации, развој на лидерски вештини и тимска работа, предизвици и стратегии за нивно надминување.

Обуките преку менторство и вмрежување, ги поддржаа учесничките да ја совладаат етиката на претприемништвото и да ги искористат практичните водичи и ресурсите за нивните идеи.

Специјално фокусирани на женското претприемништво, обуките ги нагласуваа жените како клучен фактор за економската и социјалната инклузија во општината. Програмата ги идентификуваше проблемите и потребите на младите жени во контекстот на претприемништвото, нудејќи насоки, решенија за предизвиците и практични совети за нивните делања.

7. БЛОГ ОБЈАВИ

Објава, 29 Март 2023 година:

ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Дали размислуваме краткорочно, долгорочно или пак можеби поинку. Дали и колку е потребно вложување во креирање на квалитетен кадар и зајакнување на капацитетите на воспитно образовниот кадар во училиштата!? Во овој контекст денес би сакала да дадам осврт на менаџментот на човечки ресурси во образованието и вложување во човекиот капитал.

Повод за оваа статија е нова соработка која *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* ја реализираше со ООУ “Мирче Ацев“ кое се наоѓа на територија на Општина Ѓорче Петров, Скопје РСМ.

Основните училишта се институции кои мобилизираат значаен број на човечки капитал. Со самото тоа се наметнува и потребата за вложување на дополнителен импут на знаења и вештини на вработените кои раководните структури, директорите треба да ги инвестираат во своите вработени, почитувајќи го основниот концепт за менаџментот на човечките ресурси на секоја воспитно образовна установа.

За оваа цел, потребно е да се почитуваат основните концепти на Менаџментот на човечки ресурси. Еден од аспектите е на вработените да им се понудат и можности за стекнување на нови вештини, знаења.

Од истражувањата изминатата деценија, анкети и објави на официјални документи на Влада на РС, Македонија главна насока на движење, концепт и елементи се насочуваат кон зголемување на знаење и вештини на вработени лица. Истите укажуваат дека постои причинско последователна поврзаност, во правец на дообразование (неформално) кое е важна детерминанта во инвестиција во чоечкиот капитал. Порастот на квалитет на вработениот води кон зголемување на бројот на едуциран кадар кој има тенденции да тежнее кон генерирање на поголема плата и последователно нуди доверба и сигурност во системот, пораст на економијата.

Ваков пример е основното училиште “Мирче Ацев“ од Скопје со кое имавме можност да започнеме соработка.

Меморандум за соработка и Обука за кадарот во ООУ “Мирче Ацев“ – Скопје

ЕУ ИНСТИТУТ Скопје на 25 Март 2023 година беше гостин во ООУ “Мирче Ацев“ – Скопје каде беше поптишан Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со училиштето и тоа во заеднички понатамошни цели и интереси.



Фотографија 6: М-р Гордана Насковска – Директор на ООУ “Мирче Ацев“ и М-р Верица Пандилоска Гичева – престедател на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Верувам дека ова ќе биде конструктивно пријателство и реализирање на плодна соработка. Воедно се одржа и обука на тема *Невербална наспроти Вербална комуникација*.

Изјава на оваа тема даде и директорката на Основното Општинско училиште “Мирче Ацев“ -Скопје, м-р Гордана Насковска.

“Како менаџер на воспитно-образовна институција ќе истакнам дека вложувањето во инфраструктура, наставно-образовни помагала и наставен кадар е важно. Јас ја сватив важноста на овој триаголник. Посебно ќе нагласам дека најважниот потенцијал со кој располагаме во училиштата е наставниот кадар во кој постојано треба да се вложува. Континуираното стручно и лично усовршување и кариерно усовршување многукратно дава резултати. Ова посебно се забележува преку резултатите кои ги постигнуваат учениците.

Јас ја согледав оваа важност и посветив време и ресурси вработените наставници и стручни соработници преку обуки, работилници и мобилности добијат стручна наобразба за да стекнат или развијат вештини и компетенции со кој ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот. Наставниците стекнуваат развиваат вештини на 21виот век. Успеваат да одговорат на предизвиците на современото живеење и им помогнат или ги насочат учениците во решавање на секојдневните проблеми.“

М-р Гордана Насковска – Директор на ООУ “Мирче Ацев“ Општина Ѓорче Петров – Скопје, РСМ

Важноста во инвестиција во човечки капитал

Важноста во инвестицијата во човечки капитал се однесува на инвестирање во образованието, обуката и развојот на вештините и способностите на поединците кои го

сочинуваат тимот. Овој тип на инвестиции, без оглед дали се рбаботи за образование или било кој друг сектор на делување, има значителни продибивки и за поединци и за општеството како целина.




Фотографија 7,8: Доделување на сертификати ООУ "Мирче Ацев" ОЃП, Скопје 2023

Подобрена продуктивност и економски раст

Инвестирањето во образование и обука може да им помогне на поединците да стекнат вештини и знаења потребни за зајакнување на личните и колкетивните капацитети, потребни за да бидат попродуктивни на своите работни позиции, што ќе доведе до повисок економски рзултат, но не треба да го заборавиме фактот дека тоа ќе доведе и до нивна поголема конкурентност

Социјална мобилност

"Инвестицијата во човечкиот капитал може да помогне и во намалување на нееднаквоста на приходите и да се промовира социјална мобилност преку обезбедување на поединците со вештини и знаења што им е потребни за да успеат како квалитетна работна сила.

Севкупно, инвестирањето во човечки капитал и менаџирањето на институциите е важно бидејќи може да доведе до индивидуални и општествени придобивки како што се заголемена продуктивност , поголема заработка, економски раст и социјална мобилност.

Верувам дека со имплементирање на обуки од неформалното образование ќе се воспостви систем кој ќе овозможи секој еден вработен во училиштата да ги зајакне личните и колективни капацитети. Личната мотивација за доживотно учење е клучот на успех на секој поединец."

Верица Пандилоска Гичева – претседател на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Во оваа статија се користени делови од труд на Верица П. Гичева, предмет: Економика на трудови ресурси при Институт за социолошки и политичко-правни истражувања Св. Климент Охридски" – УКИМ (МЧР), тема: Инвестициите во човечкиот капитал, вештини и обуки во сектор образование

Објава, 13 Април 2023 година:

КОЛКУ НИ ЗНАЧИ ВЕРАТА



Во време на емотивна отуѓеност, економска-енергетска-медицинска криза каде секојдневно сме под инфлуенца на социјални влијанија, секојдневно сме известувани дека починуваат мали деца, семејства се на работ на егзистенција и немаат основни елементарни услови за живот, пропаѓаат бизниси, се растураат семејства и ред други општествено економски појави, некако природно ми се наметна прашањето, колку ни значи верата во бога, во самите себе си, во луѓето околу нас и во вербата на она што е наша професионална определба од која го одржуваме во живот своето семејство.

Материјалистичкиот свет не прави празни па секогаш во вкави важни денови (како овој Велики Четврток) верувам дека имаме потреба за нешто реалистично. Нешто што е племенито, духовно, христијански, нешто што допира до Бога.

Верата не е полн новчаник кој може да се потроши или пак убава облека која може да се излити, скине. Верата е нешто сосем поинакво, длабоко за кое ни е потребна свест, моќ на верување.

Човечка совест

Од теолошко религиски аспект, колку ја има во оваа денешна реалност и нашето скоро 70% дигитално живеење. Колку го сфаќаме Бога реално, а не како некоја епизода од македонски народни приказни каде тој е прикажан како лик облечен во бел чаршаф!?

Формалност или симболика за тоа колку го сфаќаме бога со нашата човечка свест.

Што е господ, алфа и омега, почеток и крај. Господ не е создаден, тој создава!
До сите бесконечности, вистини што ги знаеме а не сме свесни што заедно со милоста што тој има.
Апстрактно ….. можеби воопшто не!

Господ бог е милостив и е господар на сите светови, планети галаксии, сите можни цивилизации кои и не знаеме дека постојат. Господар на светови! Креатор на се што е живо, затоа впрочем и се вели креатор создавател на сите светови.



Фотографија 8 Бог Отец, *сликар Cima da Conegliano, “God the Father“, Создадено: ~ 1510-1517*

Од научен и религиски аспект, колку сме ние зависни од бога!?
Во нашиот живот што го живееме ние сме секојдневно зависни од бога. Дали сме свесни за тоа, можеби да и можеби не.

Хипотетички, да замислиме дека 2 минути нема да имаме кислород, воздух. Што ќе стане со светот? Замислете да не постои сонце, што ќе стане со светот? Од кого бараме помош во тој миг! Кому се обраќаме и во кого единствено веруваме во тие мигови од нашиот живот?

Дали сфаќаме дека ние сме зависни од бога во секое поле, што господ го насочува кон нас. Фактичката состојба укажува на тоа дека ние Бога на моменти во секојдневното живеење можеби и го подзабораваме, несвесно, оптеретени со животни предизвици, не размислуваме дека тој е единствениот кој е секаде и секогаш со нас и околу нас, постојано. Кога посегнуваме по бога? Кога се само празници? Дали го чествуваме секојдневно или само во моменти кога се наоѓаме во некоја тешка животна мака, болест, немаштија или можеби радост.

Господ бог не е збор, не е смртност, не е его, зборуваме за големина од друг вид.



Фотографија 9: ВПГ Велигден 2023, Утрехт Холандија

Колку ни значи верата во бога?

Човекот со секојдневни животни предизвици во текот на денот, не знаеме колку размислува за верата и Бога.

Постигнување на ниво *agape*, постигнување апсолутна безгрешна љубов, соединување на сопствената душа со господ бог е 2000 годишна христијанска мистика на душата (*anima*) и моќта на вербата, исто колку и грегоријанскиот календар. Целата е обединување на душата која значи апсолутна љубов кон бога како апсолутен господар на светови.

Затоа впрочем и велиме, Мир и блажество од бога и нека биде неговата волја …

Во продолжение е ГОСПОДОВА МОЛИТВА која Господ Бог ја предал на својата црква. Колку истата ја практикуваме зависи од нас самите. Овој Велики Четврток е вистинско време да ја обединиме својата душа со него. Да се помолиме заедно сега и за век и веков, Амин.

Оче наш, кој си на небесата,
да се свети името Твое;
да дојде царството Твое;
да биде волјата Твоја
како на небото, така и на земјата.
Лебот наш насушен дај ни го денес,
и прости ни ги долговите наши,
како што им ги проштаваме и ние на нашите должници.
И не воведувај нè во искушението избави нè од лукавиот.

Оче наш – Господова молитва

Овој Велики Четврок е идеален момент и време да се навратиме на суштината, корените на христијанството, учењата и делата на Исус Христос, учењата на Новиот Завет, еднобоштвото како монотеизам и да вистински веруваме во Господ Бог кој владее со цел универзум. Денес е вистински момент да бидеме активни и во себе да ги засадиме најдобрите човечки традиции било каде и да сме, на сите страни од светот.

Објава, 18 Април 2023 година:

ЗНАЧЕЊЕТО НА ЖИВОТОТ



Малите нешта ги сочинуваат најголемите животни радости.
Материјалистичкиот свет не прави празни па имаме потреба за нешто религиско, племенито, духовно, христијански. Со кратки зборови кажано, нешто што допира до бога. Верба во бога!

Едноставноста и молитвата е вистинскиот лек за сите нас. Радост во душата и насмевка на лицата. Ова некако е првото нешто кое ми доаѓа а памет во овие моменти на чествување на најголемиот христијански празник, Велигден.

Без оглед на тоа кој каде се наоѓа и кој колку има материјално да потроши на свечената трпеза, поентата е пред се да се има внатрешен мир, хармонија и емотивен баланс во овие денови на љубов, спокој и разбирање. Ова е празник кој не потсетува колку е важна нашата внатрешност, нашата содржина, нашата сплотеност кон бог, едни кон други како луѓе, а колку е неважно да е наш животен “лајт мотив“ само материјалното, кое многупати забораваме дека и не е пресудно за да побараме прошка и благослов од севишниот.

Кое е личното ниво на свесност на секој од нас?

Животот ни е брза филмска лента која секоја година некако се побрзо се троши. Оптеретени од секојдневието кое ни носи предизвици од различен вид некако подзабораваме да се вратиме на корените. Да веруваме!



Фотографија 10: Македонските верници на Свечена Литургија во “Sint Catharinakathedraal“ – Utrecht, Netherlands

Во што е потребно да веруваме?

Многу пати сакам да се шегувам па велам дека моето видување како Верица (Вера) е дека секој треба да верува во "3 вери".

Мое гледиште е дека првенствено треба *да веруваме во нашиот создавач*, господ бог која ни е единствената движечка сила која се нарекува мотивација. Мотивација за лична надградба, сатисфакција и делотворност.

Освен него потребно е секој од нас *да веруваме во самите себе си*.
Колку и да секој од нас има моменти на внатрешен немир, несогласување со самиот себе, внатрешни превирања од животни случувања (предизвици), несогласувања со други луѓе и слично. Секој од нас има привилегија да верува во самиот себе, непоколебливо. Вербата во себе е магичниот невидлив титан кој може да ги сруши нашите лимити и граници, да ги зајакне нашите лични и колективни капацитети и да ни помогне да достигнеме највисоко ниво на спремност и успешност.

Третата вера е *да веруваме во она што го работиме или сакаме* да го постигнеме на секое поле во животот, општествено, семејно, работно.

Акција

Кога се зборува за акција секогаш прво на памет ми доаѓа третиот закон на Исак Њутон.



"Секоја акција создава еднаква или спротивна реакција."

Исак Њуто

Фотографија 11: Portrait of Isaac Newton (1642-1727)

Секојдневно слушаме различни животни стории кои би требало да бидат поука за наши идни чекори, за акција. Зошто, бидејќи животот е училиште во кое секојдневно имаме испити кои ни се предизвик. Но, не смееме да заборавиме дека сите сме гости на овој свет кој е краток и не се враќа. Затоа и треба да го живееме со полни гради. Да уживаме во секоја насмевка, поглед, радост, присуство на нашите најмили околу себе.

Да се надградуваме, да сме на високо ментално ниво (за кое е потребна континуирана работа на себе).

Најважно! Мора да знаеме дека животот нема репризa, денот нема репризa, не се враќа ниеден момент од него. Секој ден од нашиот живот е премиера. Колку таа ќе биде

успешна зависи само од нас и од никој друг. Не зависи од тоа кој е премиер, дали не ни чини државата, во кое општествено уредување живееме или од тоа кој што кажал. Зависи само од нас и никој друг! Што порано го сфатиме ова многу поедноставно ќе ни биде. Потребно е конечно да превземеме одговорност према самите себе за да продолжиме понатаму со чисто срце и мисла кон се она што не очекува во некое идно време.

Верата е таа која е клучен фактор за да бидеме сплотени, среќни, здружно да пристапуваме кон предизвиците кои треба да не креираат да сме помудри. Да, помудри, а не лукави! Лукавоста и итрината е карактеристика на слабите луѓе, на моменти се шегувам па веднаш на памет ми доаѓа "Итар Пејо". Мудроста е карактеристика, големина на успешните луѓе кои од моето животно искуство се секогаш оние наједноставните. Во тоа е и нивната големина.

Велигден во Холандија

Во вечерните часови во катедралата "Sint Catharinakathedraal" македонските православни верници го дочекаа христовото воскресение. Дојдени од сите градови на Холандија, но и Белгија и Германија верниците беа дел од Света Велигденска литургија која ја држеше отец Захариј Панов во придружба на холандскиот колега, отец Рафаел, православен свештеник од Холандија и ипоѓакон Зоран Радичевски.



Фотографија 12: Отец Захариј Панов, отец Рафаел, ипоѓакон Зоран Радичевски на Свечена Велигденска литургија во "Sint Catharinakathedraal" – Utrecht, Netherlands



Фотографија 13: Амбасадор на РСМ во Холандија нејзината евкселенција, Бети Јачева

По завршување на Свечената Велигденска Литургија, свој прикладен говор имаше нејзината екселенција Бети Јачева, Амбасадорката на РС Македонија во Кралството Холандија. Таа даде своја поддршка и дополнителна мотивација за сите македонци кои се дел од заедницата во Холандија

По завршување на Свечената Велигденска Литургија која ја држеше отец Захариј, од страна на МПЦ ОА “Св. Стефан“ , беше претставен и новиот управен одбор на црковната општина. “ЕУ ИНСТИТУТ Скопје“ им посакува успешна понатамошна работа во реализирање на активностите кои се во заеднички цели и интереси на македонците во Кралството Холандија.

“Македонките во Холандија“ составени од жените кои се дел од македонската заедница во Холандија дел од МПЦ ОА “Св.Стефан“, беа одговорни за свечената трпеза која беше сервирана за послужување по завршувањето на свечената литургија. Како женска иницијатива на “Македонките во Холандија“, учествуваат жени, девојки и девојчиња кои живеат и работат во Кралството Холандија, а се дел од македонската заедница.



Фотографија 14: “Македонките во Холандија“ дел од МПЦ ОА “Св.Стефан“

Вистинско уживање за очи и сетила беше храната која со љубов беше приготвена, сервирана и декорирана од вештите раце на македонските жени во Холандија. Највкусните македонски специјалитети беа подготвени за верниците по завршувањето на Свечената Велигденска Литургија. Сето ова е доказ за негување на македонската традиција далеку од родната земја.



Фотографија 15: ВПГ 2023

Да создадеме услови Велигден да ни е во срцата постојано. 365 дена во годината да ги негуваме вистинските вредности, да си помагаме едни на други. Животот го сочинуваат малите нешта. Доколку не сме искрени сами со себе, многу тешко ќе ни биде да работиме со останатите луѓе околу нас. Затоа, ајде сите заедно да се обединиме и потрудиме да бидеме подобри утре од она што сме денес.

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ! ВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!
За многу години љубов, слога и разбирање

Објава, 27 Април 2023 година:

СТРЕС ИЛИ БЕС!?




Животни предизвици, искушенија, емоции. Среќа, тага, радост, одбивност …. основен емоционален автопат по кој секој од нас поминува во одредена фаза од својот живот. Вртоглавица од слобода на размислување, право на личен израз, емоционална свесност за личен предизвик. Вака некако од мој аспект ми изгледа најголемиот предизвик на секој од нас, наречен живот.

Живееме во вербално позирање, марширање, политичка демонстрација. Разликата помеѓу нас е само начинот на која ќе истрчаме и видот на трката во која попатно се обидуваме да го рабереме светот како подобро место за живеење.

Дали сме маченици или победници. Имаме вртоглавица од секојдневни дилеми, размислувања и можности. Колку ние луѓето ги китиме своите животи преку лични стории кои ги прераскажуваме како случки од животот говорејќи за себе, политиката на живеење (читај дивеење).

Да се сетиме за момент која е причината за живот!? Дали е нешто погрешно во политиката на живеење, во нашиот став и размислувања за сопствената егзистенција, процес кој го минуваме макотрпно.



Scuola di Atene – Уметник Рафаело Санти (Година 1511) ренесанса. Место- Апостолска палата, Ватикан

Континентална филозофија, но која е суштината на самите нас. Оптимизам, ренесанса, реализам … дали среќата управува со универзумот или си ја создаваме сами. Дали ни е потребен контакт со околината или сме си доволни сами на себе. Секој од нас има момент на некој своја вистина, своја реалност, личен израз, личен печат. Но, која е дозата на животниот адреналин со кој се потхранувame секојдневно за лична акција и сатисфакција.

Што добиваме од нашиот живот, 50% успех и задоволство и 50% стрес еднаков на бес. Колку е ова добро за секој од нас или погрешно. Болка или сензитивност. Колу имаме радост, среќа, причина за успешен и среќен живот гледајќи ги тектонските пореметувања во општеството.

Дали сме ментално и духовно спремни да одговориме на секој животен предизвик!? Прашање за секој од нас. Животната рутина која секојдневно ја изодуваме, не внесува во матрицата од која е вистински предизвик да се отстапи и биде различен, поинаков, успешен, неуспешен, поуспешен. Каков е нашиот личен адреналин во животот кој е двигател за сите наши успеси и падови зависи повторно од нас. Колку си признаваме самите на себе за тоа кои се нашите очекувања во животот, семејството, општеството.

Менталната подготвеност на секој од нас чинам дека игра клучна улога во нашата животна сторија.

Како планираме да го потрошиме животот. Колку брзо, квалитетно во каква форма, зависи само од нас и никој друг. Романтика и ставање на розови очила некако не ни помага за да го избегнеме ризикот. Денес, уметнички предизвик е да се справиме со животот. Секоја етапа од нашето битисување е ризик кој ќе треба успешно да го надминеме, избегнеме или распределиме.

Дали конечно го славиме животот во вакви денови и кое е значењето на животот. Радоста на живеење е единственото нешто во кое е потребно да веруваме.




Егзистенционален избор на моменти не доведува во различни емотивни состојби. Да доживееме катарза, ослободување на нашите вистински чувства, да ги одблокираме од секојдневната контаминација на социјални влијанија е предизвик кој ќе треба сите ние успешно да го надминеме.

Не ни е потребен стрес или бес. Но, колку сме ментално и духовно спремни за позитивни лични промени е сепак прашање на личен избор.

Објава, 04 Мај 2023 година:

ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА РОДИТЕЛСТВО?



Фотографија 16: А. Цикарска

Неизмерна љубов, вештини или нешто повеќе … Вчерашното случување во училиштето во Белград дополнително ме натера на длабоко размислување. Денес повторно трагедија каде деца убиваат деца.

Сите знаеме и сме свесни дека за родителство е потребна љубов. Поделба на дневна доза на искрена емоција која влева во детето сигурност. Внимание кое во детето буди чувство на возвраќање во неговото битие. Сите мислиме дека ова некако се подразбира нели !? Нега, грижа, љубов…

Но, не смееме да заборавиме дека емоциите не се релативна вредност. Се негуваат, како билки, како цвеќе.

Моќта на простување и развивање на толеранција и најважното, тоа е дека секој родител за своето дете е херој супермен, до последен здив, додека е жив. Секој родител дели последна капка љубов кон своите деца. Зошто? Бидејќи единствено чудо кое може да делува во детската душа е чиста љубов.

За квалитетно родителство е потребно да се има високо ниво на внимание, поддршка и емпатија кон детето, да се креира сигурна и стабилна околина, да се обезбеди достапност на основни потреби како храна, облека, кров, медицинска нега и образование, како и да се инвестира во здрав начин на живот и позитивни односи меѓу членовите на семејството

Која е мерката, каде е границата?

Попустливоста од страна на родителот на еден крај и строгоста на друг крај? Веројатно нема доза, нема мерка во грамови или килограми. Дали строгоста не постои во воспитувањето…..

Како општество децата ги учиме да се плашат, да се двоумат, и да се ограничуваат, додека ние како возрасни својата слабост ја пренесуваме на истите тие деца.

Потребно е да им покажеме пат. Нивен избор е да станат и тргнат по него или да тргнат во спротивен правец, да паднат. Цел на родителот е да ги поддржи кога во себе имаат темнина. Цел на родителот е да помогне кога детето паѓа, да го подигне, духовно и со искрена љубов. Доколку во децата бараме разумни работи, пропратени со логика, практика и покажуваме само вештини има тенденција децата да станат празни души, каде сиромашни и зависни од тронка љубов, ќе немаат можност да ја почуствуваат покрај разумот и логиката.

Критичка свест на децата

Некако навистина тешко е да ги испроцесирам случувања со навреда, булинг и убиства на деца. Сите сме во шок, неверување, барајќи мотиви и причини, од ваква радикална промена на расположение, гнев и агресија на деца од основно училиште.

Дали сме свесни за дисфункционално и социопатско однесување на децата или бидејќи си се наши некако замижуваме и си ги оправдуваме за несоодветни постапки во однос на другите деца со кои се дружат, играат или уште пострашно, од кои се игнорирани, потсмевани и доживуваат од нив класичен булин


Дали го минимализираме однесувањето на детето со оправдание дека тоа е во развој, пубертет!?

Веројатно од вакви ситуации деца кои се капацитет во општеството (како ова дете кое било одличен ученик и одело нанатпревари) се случува да во одреден момент истото тоа дете бара мета, во која буквално ќе стрела.

Децата тешко ги контролираат емоциите и своето однесување. Дали сите ние сме свесни за тоа! Кава критичка свест имаат децата? Каков е системот на вредности, како го поминуваат времето!? Повеќе од половина од популацијата на деца се сериозни IT (ај ти) зависници.

Дали ги приметуваме невербалните сигнали, невербална комуникација која ја продуцираат.





Фотографија 17: А.Цикарска, публикација "Социо-емоционален развој на деца од предучилишно и училишно образование", автор м-р Верица Пандилоска Гичева

Да помислиме сите ние, што работиме со себе си и своите деца. Колку сме реално посветени на децата во удобноста на сопствените домови. Кави содржини им даваме да читаат, дали воопшто знаеме со што се едуцираат затворени во своите соби додека го минуваат времето на социјални медиуми, агресивни видео игри или уште пострашно на dark web страници.

Колку секој од нас работи на лична и семејна ментална хигиена, прашањето е за секој од нас

Кога почнуваме да се занимаваме со превенција?

Да, прашањето е кога почнуваме да се занимаваме со превенција, вие, јас, заедницата …… на време или по случување на трагедија. Верувам дека ова ќе биде поука и за нас, бидејќи Белград е само 4 часа оддалечен од Скопје, Македонија, многу лесно може да се случи да се рефлектира ова и во нашето општество.

Многу научници се занимаваат со истражување на родителството и влијанието на родителските практики врз детскиот развој и благосостојба. Некои од најпознатите научници во ова поле се: Џон Болуби, Мери Ејнзворт, Дијана Баумринд, Ерик Ериксон и многу други. Докажале дека квалитетното родителство има големо влијание врз детскиот развој и благосостојба, и затоа е важно да се инвестира во подобро разбирање на најдобрите практики и начини на родителство. Ова може да се постигне преку

образование на родителите, поддршка од стручни лица и организации, како и преку постојано следење на најновите истражувања и технологии во ова поле.

За квалитетно родителство е важно да се има отворен и квалитетен комуникациски однос со детето, да се слушаат неговите потреби и проблеми, да се стимулира креативноста и самодовербата, и да се учествува во неговиот развој и образование.





Фотографија 18: "Социо-Змоционален развој на деца" автор м-р Верица Пандилоска Гичева

Квалитетното родителство може да има долготраен ефект врз психичкото и физичкото здравје на детето, како и врз неговите социјални и емотивни вештини, што може да им помогне да имаат успешна и задоволна кариера и личен живот во иднина.

Како ЕУ ИНСТИТУТ Скопје, изминатите седум години работевме со илјадници луѓе на теми за самодоверба, мотивација, невербална комуникација, социо-емоционален развој на деца, говорот на телото, емоционална интелигенција и ментално здравје на деца, средношколци, студенти/младинци и возрасна категорија на население

Ќе препорачаме дека е потребен систем, државна стратегија кој се бави со менталното здравје. Доколку некој има проблем, да му се помогне од страна на обучени професионалци кои ќе делуваат соодветно. Комплетна поддршка од тим на психолози и психијатри. Потребна ни е итна долгорочна инвестиција во превенција и промовирање на позитивните вредности. Превенција е првиот чекор кој треба да го превземеме.

Да направиме стратегија и план превземање на нови и итни мерки за да сите родители си чувствуваат сигурно. Да ја подигнеме сигурноста на повисоко ниво и да го намалиме меѓуврсничкото насилство во училиштата. Да не се тепаат децата кои се послаби физички и да нема терористички напади, акти каде повторно деца убиваат деца. На никој од нас не му е сеедно. Затоа, да се потрудиме да го намалиме ова зло и да ја подобриме психолошката заштита бидејќи тоа сме должни да го направиме за доброто на децата, родителите, државата, општеството.

Објава, 05 Јули 2023

"U4Future" МЕСТО КАДЕ СИТЕ ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВААТ ДОБРЕДОЈДЕНИ





Младите на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* во акција

Со оглед на тековните општествени состојби во однос на младите, нивните потреби, размислувања, очекувања, и согласно стратегијата за млади која *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* секоја година се ревидира, во втората половина од 2023 година младите во нашето здружение ќе делуваат искажувајќи ги и справувајќи се со своите секојдневни предизвици и потреби.

Доколку сте млади на возраст од 15 до 29 години и имате идеа, желба, мотив и сакате да се слушне вашиот глас, ова е вистинско место каде ќе добиете можност да направите индивидуална и колективна позитивна промена. Со оглед на економската криза, сите оние млади кои ќе се пријават да бидат дел од активностите на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје,* ќе имаат можност бесплатно да станат членови на нашата младинска заедница.

Што треба да направите!?
Намеил: contact@euinstitute.eu потребно е да ни испратите *CV* или доколку немате, кратко *мотивациско писмо* и да пополните *пријава* на линкот: кликни тука

Функционирање на младинскиот клуб во склоп на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје.



Верица Пандилоска Гичева –
Претседател на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Како претседател на здружението и би сакала да истакнам дека *"U4Future"* како инклузивен клуб, на младите им нуди можност да се вклучат во активности на истоимениот клуб (воедно на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*) и тоа од сите аспекти од своето работење, како едукации, семинари, советувања, кариерен развој, практикантство и волонтерство на проекти, креативни работилници, настани за споделување на искуства на млади, уметност, музички настани и други активности кои се прилагодени на интересите на младите.

Клубот е отворен за соработка со сите млади, без оглед на физички или интелектуални способности, раса, пол или социо-економско потекло.

Ќе ви дадеме можност и прилика да се слушне вашиот глас, без оглед на тоа од кој дел на Македонија доаѓате или на која етничка заедница, вероисповест и каква национална определба имате.

Важно е дека сме отворени за соработка и Ве очекуваме да ги слушнеме вашите свежи идеи, предлози за потребите на младите луѓе и размислувања на различни теми, воедно и да ја имплементираме инклузијата во процесот на планирање и одлучување.

Флексибилноста и адаптирањето на промените се клучни аспекти за успешно функционирање на младинскиот клуб во склоп на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје.

Во тој контекст, Димче Миланов, лидерот на *"U4Future"* учествуваше на дводневен информативен и едукативен настан кој се одржа во Струмица, а во организација на *European Youth Foundation* во соработка со Агенција за млади и спорт, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Еразмус+), Europe House Strumica и Општина Струмица .



“Оваа работилница ми овозможи да добијам пошироко познавање за значењето на *Европската младинска фондација* и нивните грантови.

Научив како да ги користам новите методологии за проекти на *U4Future* при аплицирање за користење на финансиските можности кои ги нуди фондацијата.“



Фотографија Youth and Youth Policies Adviser to the Prime Minister of North Macedonia

“Информативната работилница на Европската младинска фондација за невладини организации беше неверојатно искуство за мене. Преку нив, стекнав многу позитивни впечатоци и нови идеи кои ќе ми помогнат во младинската работа. Имав можност да се поврзам со младинскиот совет на Европа и да ја линкувам својата организација со нив.

Оваа соработка ми отвори врати кон поголем број на ресурси и можности за влијание во сообност со нивната мисија. Од друга страна ми помогна да го развијам мојот круг на контакти со кои би можеле да соработуваме во иднина.

Во целост, работилницата на Европската младинска фондација беше незаборавно и важно искуство за мене. Ми донесе нови знаења, инспирација и контакти кои ќе го обогатат мојот работен напор во младинската сфера.“

Димче Миланов – Тим Лидер на U4Future на “ЕУ ИНСТИТУТ Скопје“

Објава, 10 Јули 2023 година



ПОВИК ЗА БУДЕЊЕ

Живееме во материјален свет каде парите се основно средство за егзистенција, го вртат светот, а со самото тоа и нашиот живот. И како што секој од нас искусил на сопствена кожа, лекциите кои ни ги задава животот се најдобар учител. Во формалното образование ни говореа дека најдобро е да учиме на туѓи примери и грешки, ама тоа во пракса, од блиску, баш и не е така.

Веројатно секој од нас има одредени искуства на оваа тема. Сигурна сум дека ќе се сложите со фактот дека учење на сопствени грешки е најтешко ама најделотворно.

И сега да не звучам како руски роман (од тие дебелите книги) ова обраќање фигуративно го нарековм *повик за будење*. Кога говорам будење, мислам на наше, сопствено освестување како личност, народ, нација, глобално.

Некако само ми се наметна прашањето, дали сме големи само во своите глави, а од тоа заработка нема?

Периодов во кој живееме се случуваат фатални несакани дејствија од типот на војни, криза во секој домен и поле. Во тој контекст верувам дека е крајно време за една (ја нарековм) *рунда на трајно шамарање*. Се разбира фигуративно се изразив, а и да не е така навистина ни треба вистинско размрдување (без агресија).

Дали е ова наша работа?

За да бидеме видно освестени (ова го мислам на секое поле) размислував што се ни е потребно. Кого треба да имаме на своја страна? Дали сите мораме да ги имаме на своја страна, семејството, пријателите, партијата……и, дали за тоа постои некаков систем на вредности кои за жал се раритет, се изгубија, ги нема.
Повторно ми се наметна прашањето, дали е ова наша работа???

Мое уверување е дека, сѐ е наша работа. Дали сме пасивни, е наша работа. Дали сме немарни, и тоа е наша работа, не е комшијата, партијата или тој таму некој ….. Петко, Рајко, Станко.

Дали некој ни нуди поддршка за проблемите во "семејството" (читај општеството, државата)?

Воглавно секој човек сам ништо не може да направи освен да господари со личната мотивираност која носи бар за мене најголем вид на сатисфакција. На некој му е потребно надворешна мотивација како екстерна поддршка, но не има и такви кои ако сами себе не се мотивираме никој друг не може да не мотивира со ништо.

Што треба да направиме за успех по кој сите се стремиме?

Мали чекори *small steps* е главна формула. Полека ама сигурно. Старите велат мирна вода брег рони. Од мое лично искуство ова е точно.

Малку ќе карикирам и ќе речам дека на стаза за трчање и желката и брзата птица кога ќе застанат, веројатност за успех имаат и двата субјекти. Но, не смееме да ја заборавиме и претпоставката дека постои можност за *девијација*. Што мислам со ова? И двете единки ќе почнат да одат по стазата, желката полека ама сигурно, а брзата птица итрица ќе потрча брзо, брзо (што би рекле србите, главом без обзира). Е сега мотив на стазава имаат и двете. Кој ќе биде исходот зависи од многу фактори. Категоријата *ризик* постои како таква а со самото тоа и несигурност за крајниот резултат кој има можност да е неповолен.

Секој сам е потребно да ја подигне личната свесност. За ова е потребно години работа, зрелост, искуство. Не треба да го копираме (опонашаме) комшијата, менаџерот, шефот или кој и да е, некој кој ни е "рол модел' *roll model* се со цел да постигнеме одреден успех. Бора Чорба имаше еден култен стих која вели:

"Пекар, лекар, апотекар, колар, столар, могао сам бити ја, било шта
Књиговезац, стаклорезац, видар, зидар, могао сам бити ја, било шта"

Албум: Мртва природа (1981) , Група: "Рибља Чорба", Нумера: пекар, лекар, апотекар

Некој работи во банка, друг во супермаркет, трет е sидар итн. во сите професии сектори, дејности, важна е секоја работа. Вреден е секој еден.
Не постои такво нешто како деградирачка професија.
Секоја една професија е битна за синџирот.
Секоја работа си има свој предизвик, тежина и занимливост.

Секој си е приказна сам за себе и господар на својата несреќа, среќа, успех.
Ако ова ни е лајт мотив верувам дека ќе успееме во реализирање на сопствената среќа.

"Чистилиште"

Местото помеѓу рајот и пеколот се нарекува чистилиште. Секој ја нема таа шанса да се најде во таа меѓу зона, не оди секој таму.




Фотографија 19: Domenico di Michelino – Jastrow
Self-photographed La commedia illumina Firenze on the wall of Florence Cathedral, Santa Maria del Fiore

Данте Алигиери (1265-1321) бил италијански поет и автор на делото "Божествена комедија" (*Divina Commedia*). Во ова дело, Алигиери дава опширен опис на пеколот, чистилиштето и рајот, воедно претставувајќи го своето видување за последниот свет и теолошките концепции.

Според Данте (теолошки, односно библиски податоци), пеколот е негативно место во кое се казнуваат грешниците за нивните гревови.


Во "Божествена комедија", пеколот е поделен на девет кругови, при што секој круг представува различна категорија на гревови и соодветни казни. Тука, грешниците се подложни на различни видови на мачења и патишта за избавување од нивните гревови.

Чистилиштето, *purgatory*, е преодна состојба на душите кои се во искупување на своите гревови пред да влезат во рајот. Според Алигиери, во чистилиштето душите го искупуваат своето претходно поведение преку покажување на карактеристики како состојба на чувство на ***вина*** и ***покајание***.
Чистилиштето е поделено на различни територии, каде душите се искупуваат со цел да се исчистат и подготват за влез во рајот.



Фотографија 20: Sandro Botticelli – La Carte de l'Enfer ISBN 9788884915641

Рајот претставува врвот на ***Божјата милост*** и совршенство. Тука, душите на праведните и верните уживаат во вечна среќа и близина со Богот. Рајот, според Данте, е поделен на девет сфери или небески кругови, каде секој круг го населуваат различни видови на светци и ангели. Овие кругови ги претставуваат различните видови на благодат и совршенство што ги добиваат душите.



Фотографија 21: Map of the Divine Comedy. Michelangelo Caetani (1804-1882)

Во “Божествена комедија”, Данте го опишува своето лично патешествие низ пеколот, чистилиштето и рајот, континуирано воден од носечкиот лик, поетот Вергилиј. Ова дело има големо значење како литературно искуство, како и теолошки и филозофски пристап кон врската помеѓу човекот и Бог.

Рековме, интелигенција не е предност. Култура уметност, не почитуваме, туку само анимален интерес. Глобална импотенција. Тука нема метафизика. Ковид се лајкува, војна се лајкува додека хуманизам и уметност не се лајкува, тоа е мисловна именка, тоа е привитимизам. Примитивизам во Балкан. Фобии од стравување. Интелигенција нула. Тоа е нашето IQ.

Честопати во филмовите на тема научна фантастика имаме можност да забележиме дека ниту еден не може да стигне преблиску до сонцето, постои опасност да се уништи. Летот до сонцето е преблизок, може да не ослепи.

Колку сме успешни?

Работејќи во една интернационална компанија научив дека битен си колку што ти е успешен личниот и колективен дневен/месечен/годишен промет, обрт, заработка и реализација. Што сакав со ова да кажам? Минатите успеси не гарантираат идни резултати. Да, важно е да ги има, но не се гаранција за понатамошен успех. Затоа е корисно да се придржуваме кон лично зададените правила за напредок, просперитет, успех.

Некогаш помислуваме дека многумина знаат многу повеќе од нас самите. Само ќе сугерирам, бидејќи не е мое да наредувам, дека со самото тоа им даваме важност на тие луѓе дека се многу повеќе од нас самите.

Моќта за мене е љубопитна работа. Низ годините работа во продажба и со текот на искуството во комуникација со различни типови на луѓе и карактери дефинитивно дојдов до сознание дека моќта е онаму каде што ние мислиме дека е. Моќта е онаму каде ние ќе дадеме акцент, важност, фокус.

Ме загрижува фактот дека престанавме да разговараме *едни со други*. Сега е се почеста појавата во која разговараме *едни за други*. Мислиме ли на некој друг освен на себе си? Ова е тешко да го признаеме.

Мораме секојдневно да сме продуктивни. Животот ни носи безброј предизвици кои секојдневно ги совладуваме. Микро дневните победи се првиот чекор за мотивација и инспирација. Тешко е да го промениме животот, но можеме ако посакаме. Важно е колкава ни е желбата и колку тоа временски ќе не држи како мотив.

Дали треба да побараме помош, дали сме подобри од тоа што сме во моментов….ова е големо прашање за секоја од нас.

Наравоучение од мој аспект би било, не можеме да го промениме светот, колегата, комшијата, ама можеме да се промениме себе си.

Дали големите игри се страшни, опасни?

Да почнам од сега актуелното. На сите медиуми слушаме гласина за крајот на светот. Некаков вид на апокалипса. Дали размислуваме на темава, секојдневниот живот не ни дава можност за вакви длабоки мисли.

Чиј “асет“ сме самите ние? Вистински вредности без вистински промени не водат никаде. Да се посветиме самите себе си. Да размислиме какви вредности презентираме.



Будење, јас го разбирам како отварање очи додека живееме и постоиме. Миење на сопствен дух, срце, карактер со безгрешна човечка љубов кон човекот пред се. Будење, за мене е соочување со совеста, калкулации на душата. Промена на ум.

Нека ова биде *повик за будење* од мене како еден мал обичен човек.

Објава 17 Јули, 2023 година

Волшебна ноќ со LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA

Културата и уметноста се дел мојот живот години наназад, па моето видување од овој агол е дека уметноста, културата и спортот треба да претставуваат главен столб за формирање на здраво, цврсто општество. Постојат повеќе причини за ова. Пред се тие промовираат суштински цели како што се: идентитет и припадност, креативност и иновации, развој и образование, здравје и добросостојба, и секако толеранција и разбирање. Играат клучна улога и во образованието и развојот на луѓето, овозможуваат места и прилики за учење, размена на искуства и формирање на критичко мислење.

Преку нив, ние луѓето ги прошируваме своите хоризонти на знаење и ги развиваме своите способности.Денес ќе ви зборувам за неверојатната убавина на музиката.




Фотографија 22: ВПГ2023, Utrecht-Netherlands

Во срцето на Утрехт, Кралството Холандија се наоѓа еден од исконските симболи на христијанството и црковната моќ.

Величествениот *Domtoren*, стар 700 години, сведок на најважните настани во изминатите седум века историја на градот, култен монументален споменик кој скоро секојдневно е домаќин на исклучителни музички и останати уметнички настани

Во овој контест, преку оваа статија ќе се потрудам да ви го пренесам моето лично музичко доживување од посета на концертот на *LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA* кој се одржа токму во *Domkerk* катедрала.

LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA во DOMKERK

На неодамна одржаниот концерт во *Domkerk*, Utrecht, Холандија, бев сведок на вистинско врвно искуство. Изведбата на *LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA* беше просто магична и незаборавна. Со својата виртуозност и емоционална интерпретација, оркестарот нè одведе на неверојатно патување низ светот на филмската музика. Во оваа статија искрено, од се срце ќе ги споделам моите впечатоци и искуства од овој незаборавен настан.

Во вечерното патување низ кое музички не носеше оркестарот, ние посетителите имавме можност да ги слушнеме дел од најдобрите дела на денешницата, на двајцата најпознати филмски композитори, *John Williams* и *Hans Zimmer*.

Можеби на некој кој не следи ваков тип на музика нема да му значи многу, но доколку ве прашам дали ја паметите музиката на филмовите *E.T. Extra-Terrestrial*, *Jurassic park*, *Jaws*, *Star wars*, *Da Vinci code*, *Harry Potter*, *Schindler's list*, *Indiana Jones*, *Supermen returns*, *Interstellar*, *Gladiator*, *The dark knight*, *Pirates of Caribbean*, *Inception*, *Man of steal*, *Sherlock Holmes* сигурна сум дека се ќе ви стане јасно.

Во вечерното патување низ кое музички не носеше оркестарот, ние посетителите имавме можност да ги слушнеме дел од најдобрите дела на денешницата, на двајцата најпознати филмски композитори, *John Williams* и *Hans Zimmer*.

John Williams е американски композитор познат по најкултната филмска музика на сите времиња. Има компонирано музика за преку сто филмови, од кои голем дел во режија на Steven Spielberg. Како композитор е номиниран за над 340 награди. Има освоено 5 Оскари, 3 Еми, 4 Златни глобуси, 25 Греми, 7 филмски награди на Британската академија и 8 награди Сатурн. Во моментов држи рекорд за најмногу номинации за оскар.



Фотографија 23: ЗГ – Utrecht Netherlands

Hans Zimmer е препознат како еден од најиновативните музички таленти во Холивуд. Во 1995 година првпат влегува во светот на филмската музика за време на долгата соработка со познатиот композитор и ментор Stanley Myers. Забележителен момент во кариерата на Цимер се случува во 1988 кога било побарано да ја компонира музиката за филмот Rain Man кој доби оскар за најдобар филм таа година и му донесе прва номинација за најдобра оригинална музика. Има компонирано музика за The Lion King (1994), The preacher's wife (1996), The prince of Egypt (1998), Gladiator (2000), The last samurai (2003).

Оркестарот и изведбата

LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA, под маестралното водство на диригентот Rossi Dusheva, преку виртуозната интерпретација ги маѓепса посетителите на концертот кои ја исполнија величествената *Domkerk* до последното предвидено место.

Морам да напоменам дека самата локација на концертот беше впечатлива, *Domkerk* како домашна црква за своите жители, преку перфектно озвучување и осветлување, звучеше и беше поставена како волшебен стејџ за оваа музичка величина.

Од првите ноти на музиката, публиката беше фасцинирана. Звуците од оркестарот се простираа низ просторот, го исполнуваа воздухот и не однесоа во светот на филмската магија. Секој тон и нота беа изведени со таква прецизност и страст, што секој присутен чинам дека се стопи во мелодиите и емоциите.

Програма

Програмата на концертот беше секако богата и разновидна. Како што претходно напоменав, оркестарот ја изведе легендарната музика од некои од омилените филмови на светската јавност, вклучувајќи ги и моите омилени. На моменти лично јас се чуствував како да сум во самиот *Gladiator*, *Star wars*, *Harry Potter*, *Da Vinci code* и многу други, нестварно, волшебно.

Секоја композиција *LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA* ја преточи во нова димензија, давајќи им живот и душа на сите дела од програмата
Особено впечатлив беше моментот кога оркестарот ја изведе музиката од *Harry Potter*, имав впечаток дека одеднаш Хари ќе полета на метла низ катедралата и домот. Оркестарот дефинитивно не пренесе во друго место и друго време внесувајќи не во епските приказни и магијата на Хогвардс преку своите инструменти. Чинам дека треперење и срцево отчукување не беа само кај мене, туку беа присутни кај сите слушатели во катедралата, па го претворија концертот во вистинско фантастично искуство.

Атмосферата во Domkerk беше извонредна. Публиката беше воодушевена. На момент почуствував како сите присутни емотивно и духовно се слеаја во едно со помош на музиката, создавајќи неверојатна хармонија. Гледајќи ја околината, останатите гости, беше вистинско задоволство да видиш луѓе со различни вкусови и интереси, обединети од љубовта кон музиката

Не смееме да заборавиме дека културата и уметноста промовираат и здравје и добросостојба, позитивно влијаат на граѓаните и заедницата, односно имаат позитивно влијание врз физичкото и психичкото здравје на луѓето. Тие создаваат можност за физичка активност, изразување на емоции и ментална релаксација. Ова помага во справувањето со стресот и подобрување на општата благосостојба на луѓето. Толеранција и разбирање помеѓу луѓето се елементи кои преку изложби, настани, спортски натпревари и други културни активности, луѓето имаат можност да ги искусат и разберат различните култури, перспективи и начини на живеење. Ова го намалува родовото и културно раслојување и ги поддржува вредностите на инклузивност, рамноправност и меѓу културна размена.

Уметноста, културата и спортот се интегрален дел од општеството и играат клучна улога во формирањето на здраво, цврсто и напредно општество Треба да се почитуваат, во нив да се инвестира (доверба и сигурност) и да се поддржат како главен столб на општеството.

*Верица Пандилоска Гичева – "**СТРАТЕГИСКО И КОМПЕТЕНТНО УПРАВУВАЊЕ СО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД КУЛТУРАТА КАКО КАТАЛИЗАТОР ЗА ПРОМЕНИ И РАЗВОЈ ВО ПОСИГУРНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ**"*

Концертот на LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA во *Domkerk UTRECHT*, Кралството Холандија останува во моето срце како едно од најзначајните музички искуства. Виртуозноста на оркестарот и енергијата која ја испуштаа беше вистинско благослов за мене како уметник, но и за сите нас кои ги посетивме овој концерт. Оваа неверојатна изведба на овој светски реномиран оркестар во удобноста на совршениот, исконски *Domkerk* ги пренесе емоциите и магијата на филмската музика на ново ниво.

Како што и ми напомена проф. д-р Ганка Цветанова, мојата драга пријателка и ментор по предметот *УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ (ИСППИ-МЧР)* кога и кажав што ќе имам можност да слушам, цитирам: … "ова е вистинска програма за Охридско лето".

Верувам дека оваа статија ќе го пренесе дел од восхитот кој го искусив на овој концерт и ќе ве натера да ја откриете магијата на *LONDON FILM MUSIC ORCHESTRA* на следниот нивен настан, можеби тоа ќе е и некое следно Охридско лето.

Објава, 21 Јули 2023



ШТО НИ ГИ ЗАРОБУВА ДУШИТЕ

Моето денешно обраќање се онесува на фактичката состојба во заедницата и става акцент на социјалните и етички аспекти за кои денес ќе зборувам и ќе ги разгледам.

Прво што денес помислив откако го изгледав дневникот, беше истражување на различните начини на кои луѓето ја злоупотребуваат својата власт, било тоа преку корупција, насилство или други методи кои ја загрозуваат безбедноста и слободата на другите.

Тоа некако ме насочи на економската нееднаквост и финансиската експлоатација. Дали некој механизам во општествово вистински се бави со темата на нееднаквост и начините на кои богатите стануваат подобри, додека сиромашните остануваат со сè помалку можност за напредок. Веднаш тоа ме насочи кон камати, заеми, и како луѓето завршуваат во замката на финансиската експлоатација.

Полека но сигурно дојде времето на нечесните луѓе, на зло и недостоинствено плашење и колапс. На сите ни е некако јасно, но сепак не сакаме да прифатиме дека владее потплатување, убивање, андерграунд. Додека од другата страна, луѓето интензивно зборуваат и редат слики од атрактивни одмори, додека пак некои други луѓе немаат ни леб да јадат, се на работ на егзистенција. Фала богу што е лето па нема да смрзнат без огрев и струја.

Дали сме ние отпадно потрошувачко општество!?

Се обидов да ја разгледам темата. И повторно од толку читање сè и сешто заклучокот ми е ист. Потрошувачкото општество и комерцијалниот менталитет заробуваат души и ги поддржуваат нечесните практики. Зборувам сега за декадентноста и манекенските идеали што го одредуваат нашето општество.

Се потрудив да истражам, како потрошувачкото општество се развива и како се промени денешното општество во потрошувачко општество. Историските и културните фактори кои го поддржуваат потрошувачкото општество и неговите вредности се многуобразни и се формираат низ времето.

Да речеме индустриската револуција, развојот на рекламите и маркетингот, консумеризмот и индивидуализмот, раст на градските трговски центри , културата на статус и престиж, глобализацијата и меѓународната трговија. Сите овие фактори го поддржуваат потрошувачкото општество и ја формираат културата на потрошување и индивидуализмот која го дефинира нашево современо општество.



Од психолошки аспект гледано, мене ми изгледа дека имаме премногу искуства на луѓе кои биле жртви на различни форми на експлоатација. Различните форми на психичка експлоатација можат да бидат деструктивни и остават долготрајни последици врз секоја идивидуа. Секојдневно сме сведоци за такви појави.

Емоционалната интелигенција секој од нас неминовно е потребно да ја развие и да е свесен за своите емоции и потреби. Самосвесноста ни помага да препознаеме кога сме изложени на психичка експлоатација и да си ги дефинираме своите граници.

Зголемената самодоверба и самопочит ни треба на сите за да не не прави нас луѓето мета на постојана психичка експлоатација. Учењето да се почитуваме себеси и да

веруваме во своите способности е од суштинска важност за заштита од потенцијални влијателни лица.

За да развиеме критичко мислење потребна е вежба, како и за се останато во животот, праксата е најважна секако и умешноста во анализата на ситуации и информации. Ова ќе ни помогне да препознаеме психичка експлоатација и да одлучиме како да се однесуваме и справиме со неа.

Е сега, за ова е најважно да сме опкружени со луѓе кои ги разбираат и ги поддржуваат нашите потреби. Тоа се доверливи пријатели (ако воопшто имаме такви), партнер/ка или најсигурно за тие што можат да си дозволат, професионални терапевти кои се корисни и можат да помогнат во процесот на излегување од психичката експлоатација.

"Психичката експлоатација може да ги зароби нашите умови и да ни ја одземе личноста. За да се справиме со оваа појава, мораме сами да најдеме начин да се повратиме кон нашата внатрешна моќ и сила, да се бориме за себе, да ја градиме нашата самодоверба и да се прифатиме и почитуваме себеси."

John Breeseher

Овој цитат некако ми го нагласи значењето на самосвеста, самодоверба и превземање на контролата врз својот ум и живот. Борбата против психичката експлоатација може да биде тешка, но со свесност, поддршка и самосвест, може да се совлада и врати личната сила и идентитет.

Идеи за промена има многу ама пак од идеа до реализација има исто така уште толку многу. Јас мислам дека личните искуства или одредени иницијативи кои се преземаат во одредени заедници, за да се борат против нечесноста и злоупотребата се најделотворни.

Од економски аспект

За Република Северна Македонија, последиците на долговите на национално ниво можат да имаат значајно влијание врз економијата и стабилноста на државата. Како прв би го вклучила фискалниот дефицит, или попластично кажано разликата меѓу приходите и трошоците на владата. За ова бевме и сеуште сме сведоци дека може да го подигне нивото на инфлација и да ја намали валутата. Сите на свој грб го почувствуваме.

Последователно и очекувано на ова, следеше зголемувањето на каматните стаки каде големите долгови не доведоа до зголемување на каматните стапки, што го усложни повлекувањето на нови заеми и придонесе за дополнителни заеми и задолжувања.

Влијанието на инвестициите укажува на тоа дека големите долгови создадат незадоволство кај инвеститорите и ја намалуваат довербата во економијата на државата. Ова може да го отежне привлекувањето на нови инвестиции и да го намали економскиот раст на земјата. А ова никој од нас не го посакува, нели.

Некако не демне од сите страни опасноста од долговен циклус во кој поради плаќањето на камати и главницата, владата се задолжува уште повеќе за да плати постоечките долгови. Ова може да стане неодржливо и да остави државата во долгорочна несигурност. Длабоко сме заглавени во “трката на стаорци“.

Значајна количина на државни средства е резервирана за плаќање на долгови и камати, ова може да ги ограничи средствата што се достапни за други потреби, како што се инфраструктура, здравство, образование и други области.

Дали нешто се измени?

Системот, државата чека, не оди никаде, седи, гледа. Затоа имаме илјадници иселени кои некаде сакаат да се оддалечат. Не дека таму некаде нема камати, туку дека сакаат да се чувствуваат дека повеќе вредат и можат да привредуваат и да имаат некаков нормален живот. Сите тие секако со мислите пак ќе бидат во татковината но барем ќе можат леб да јадат.

Ништо не се измени, само се полека и сигурно станува полошо. Долгови, долгови и само долгови. Не ни имаме претстава колку луѓето се задолжуваат. Маѓепсани се во кругот и системот на големи каматни структури. Од аспект на поединецот, причината е јасна. Не може никој со 300 евра плата да ја надополни картичката со 500 евра, јасно нели. Системот на задолжување и камати сруши се.

Долговите на национално ниво можат да создадат долгорочни предизвици за владата и граѓаните. Особено ако државата не управува со долгот одговорно и не применува ефикасни мерки за справување со него, може да се стекнат услови за нестабилност и непредвидени последици врз економијата и општеството во целост.

Селанец имал две семки. Си ги закопал во земја, едната се плашела да оди нагоре и инфериорно се повлекувала во темнина. Втората семка почнала да оди нагоре, излегла над земјата, направила корени, израснала и се проширила во раскошно дрво. Поентата беше дека девеесет проценти ни е потребна храброст додека десетте проценти ни се ризик.

За да се избегнат долгорочните предизвици, владата треба да има одговорна и одржлива финансиска политика. Треба да се промовира финансиска писменост и одговорно однесување кон заемите, развивање на ефикасни мерки за намалување на дефицитот и справување со долговите на одговорен начин. Само така, можеме да создадеме стабилна и одржлива економија што ќе ги поддржи потребите и интересите на граѓаните во долгорочна перспектива.

Како да се ресетираме во кружен тек и систем што ни ги заробува душите

Долгот нема да ни се намали во банките, ниту личен ниту колективен. Системот не гледа како даночен и матичен број, нема име, нема презиме и душа. Тоа се вика *темната страна на човечноста*, за која имав можност да учам од мојот долгогодишен ментор.

Како *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* сме горди што можеме да бидеме дел од оваа заедница на предучилишни стручни служби, воспитувачи и негователи, кои се посветени на подобро образование и воспитание на нашите деца.

Благодариме на *ЈУДГ "25 Мај*" и *ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ"* што ни се придруживте на оваа неверојатна манифестација како и за вашата посветеност кон подоброто образование и воспитание на децата.




Фотографија Поли за ЕУ ИНСТИТУТ Скопје 2023: ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ"

Ви благодариме за вашиот напор и ангажман. Нашата соработка продолжува во иднина во заеднички општествени цели и интереси.

Со најдобри желби, ваш ЕУ ИНСТИТУТ Скопје.

Објава, 03 Ноември 2023 година:




ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ЈАВЕН ПОВИК ЗА БЕСПЛАТНИ ОБУКИ НА МЛАДИ ДЕВОЈКИ КОИ ЖИВЕАТ, УЧАТ,РАБОТАТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Почитувани следбеници, ве информираме дека *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* во соработка со *Сектор за локален економски развој-Одделение за поддршка и развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации* на *Град Скопје* распишува јавен повик за учество на бесплатни обуки на тема *женско претприемништво* кој има за цел да ги вгради претприемничките и кариерните вештини кај младите жени кои учат, живеат и работат на територијата на *Општина АЕРОДРОМ*.



Здружение за образовно истражувачки развој *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* како истакната институција во областа на образование и развој на капацитетите на младите, и овој пат има привилегија и чест во реализацијата на овој проект, да соработува со својата матична *Општина АЕРОДРОМ* и *СУГС "Владо Тасевски" (ОА)* ***Скопје*** со кои секоја година реализираме проекти за развој на вештини и компетенции на млади.

Проектот има за цел да ги охрабри младите жени со практични вештини за успешно претприемништво и кариерна изградба, да ги поддржи во развојот на инклузивни и одржливи бизнис и општествени иницијативи, и создаде можност за вклучување на сите слоеви на заедницата.



Детали за повикот

Целна група: девојки/жени млади, се среќава со различни предизвици и барања, вклучувајќи го недостатокот на информации и свест за претприемништвото и кариерните можности, недоволната поддршка и менторство, како и стереотипите и социјалните норми што ги ограничуваат во нивниот избор и напредок. Сепак, оваа група има огромен потенцијал и талент, со соодветна поддршка и образование да се поттикне и охрабри со цел да осигура успешно справување со овие предизвици.

ЕУ ИНСТИТУТ Скопје обуките ќе ги реализира *он лајн* и со *физичко присуство* во *СУГС "Владо Тасевски" ОА* Ск.

Линк за *електронско пријавување:* **ТУКА** Рок за пријава и пополнување Анкета, **најдоцна до 17 Ноември** 2023!



Зошто треба да се приклучите на проектот: ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ

Денес, сите ние стоиме пред безброј предизвици и можности. Но, дали сме подготвени да ги искористиме? Дали имаме потребните вештини, знаења и поддршка за да ја остваримe нашата визија?

Проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ* нуди можност да ја проширимe нашата зона на влијание и да ви помогнеме во градење на вашите кариерни и претприемнички идеи и патеки.

1. Развивање на претприемнички и кариерни вештини
2. Менторство и поддршка
3. Можност за вмрежување
4. Самодоверба, мотивација, комуникација
5. Поддршка на локалната заедница

Линк за *електронско пријавување:* **ТУКА**





Не пропуштајте ја оваа шанса за развој и раст! Придружете ни се и исполнете ја вашата претприемничка и кариерна визија! Ние сме тука да ви помогнеме да ја остварите. Приклучете се во проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ* и направете го првиот чекор кон вашата успешна иднина.

За најнови информации и ажурирања, следете ги нашите официјални канали на социјални мрежи и веб-страницата на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*.

Текстот е авторски! За споделување на содржината и објавување (во целост или парцијално) потребно е да побарате дозвола од авторот и да го наведете изворот!

Објава, 12 Ноември 2023 година:



ЗАВРШНА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ПРОЕКТ СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ДЕЦА ВО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ЕУ ИНСТИТУТ Скопје со задоволство споделува информации за успешно реализирани проектни активности и восхитнувачка завршна манифестација што се одржа на 9 ноември 2023 година во *ООУ "Лазо Ангеловски*" (ОА).
Со гордост ги претставуваме резултатите и постигнувањата од нашиот проект за *Социо-емоционален развој на децата во инклузивното образование.*




Фото: Горан Десковски, ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Оваа манифестација беше особено значајна за нашата заедница, а успешно завршениот проект го засилува нашиот замислен визионерски подем за подобро *инклузивно образование*. Веруваме во значајот на инлузијата во општинските училишта и истовремено ја предизвикуваме и поддоржуваме нашата заедница да се приклучи на овој напор за збогатување на инклузивното образование на децата во нашиот град.

Со вистинска радост и со силна верба се надеваме дека следната 2024 година ќе имаме уште повеќе училишта од *Град Скопје* во овој *инклузивен образовен процес*. Заедно, со поддршка и соработка, можеме да ја подобриме *инклузивна заедница*, каде образованието е достапно за сите деца, независно од нивните различности и потреби.

Активности на проектот – Истражување

Спроведеното истражување вклучуваше 159 испитаници од наставниот кадар и стручните служби на осум основни училишта во *Општина Аеродром*. Целта на истражувањето беше да се добијат нови, значајни информации за тековните состојби и предизвиците со кои се соочува кадарот во контекст на инклузивното образование.

Резултатите од истражувањето не само што ги забележуваат тековните предизвици, туку и обезбедуваат важни податоци и детали за новонастанатите предизвици во образованието. Овие информации се критични за *подобрување на компетенциите* и ј*акнење на индивидуалните и колективните капацитети* на кадарот во училиштата.

Во истражувањето беа генерирани нови детали, податоци и информации кои во иднина ќе послужат како фундамент за постојано унапредување и иновации во секторот на *инклузивно училишно образование*.

Обуки

Според добиените резултати, беа концептирани и организирани обуки со цел да се зголемат *компетенциите на наставниот и стручниот кадар*.

Овие обуки беа изведени во *хибриден формат,* што го овозможи учеството и виртуелно и во живо.

Овој *педагошки пристап* не само што ги адресираше конкретните предизвици и потреби, идентифицирани преку истражувањето, туку и ги стимулираше учесниците да ги имплементираат добиените знаења во своите образовни практики.

Со оваа тренинг интервенција, целта беше не само да се побара одговор на постоечките потреби, туку и да се стимулира и унапреди образовниот сектор, во коресподенција со современите стандарди и стратегии за инклузивно образование.

Промоција на публикација

На манифестацијата, беше промовирана и публикацијата со наслов *ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ*, чии автор е м-р Верица П. Гичева. Во оваа книга, авторката фокусира на важноста на *човечките ресурси* и *инвестициите во човечки капитал* како основа за трасирање на патот кон развивање на *инклузивните капацитети на училиштата*.

Во денешниот современ контекстинклузијата во основните училишта се наоѓа во центарот на образовен приоритет. Неизбежно се наметнува потребата од *инвестирање во инклузија*, особено во контекст на *човечки ресурси* и капацитети на наставничкиот кадар и стручните служби. *Компетентниот вработен* креира силна основа за подобрување на *инклузивните практитки* во основните училишта и општините.

"Сите ѕвезди се јасни, но само кога ќе им се обединат зраците нивниот сјај станува неспоредлив"

Во нашите училишта, различноста не е пречка – таа е наша сила! Во секој ученик ние го гледаме потенцијалот и сфаќаме дека инклузивната образовна средина не само што го гради знаењето, туку ги формира и срцата.

Овој свет не е заеднички за некои, туку за сите нас. Во инклузивното образование ги создавме утрешните лидери, креативци и градители на иднината.

Оваа публикација ја открива силата на инклузивното образование преку истражување, позитивни практики и препораки за успешно образование на сите деца, наше свидетелство на значењето на разнообразноста, рамнотежата помеѓу способности и потреба на секое дете.

Во секој едукативен час ние се збогатуваме себеси со поуките од децата со различни способности. Децата од утре, и вие, и јас, ја совладуваме исклучителната лекција за инклузија.

Оваа книга е повеќе од збирка на страници – таа е приказна за рамноправност и сон за инклузивно училиште кое не е само што не образува, туку го збогатува светот.

Заедно да го направиме инклузивното образование училиште за сите, место каде што ќе цветаат различноста, толеранцијата и нашата заедничка иднина.

Извадок од публикација *ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ* – Автор м-р Верица Пандилоска Гичева

За доброто на иднината на нашите деца и за целата заедница, неопходно е *да инвестираме во човечки капитал* и да го поддржиме наставничкиот кадар и стручните служби во *процесот на развој и подобрување на инклузивните практики* во нашите општински училишта.

Завршна манифестација

Завршната манифестација, која се одржа на 09 ноември 2023 година, претставуваше достоен завршеток на проектните активности, истакнувајќи ги постигнувањата и резултатите на проектот *Социо-емоционален развој на деца во инклузивно образование.*

Манифестацијата ја отвори и се обрати директорката на ООУ, *м-р Магдалена Петреска*, која ги поздрави гостите со прикладен говор.

Потоа ја покани, м-р Верица П. Гичева, претседател на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*, која ги елаборираше и образложи целта, фокусот и активностите на проектот.

Таа ја покани *д-р Весна Дамчевска Илиевска*, раководител на *Одделението за детска, социјална и здравствена заштита* при *Сектор за јавни дејности на Град Скопје* (донатор).

Ми беше чест, што се обратив на завршниот настан на проектот *"Социо-емоционален развој на деца во инклузивното образование"* поддржан од Град СКОПЈЕ. Во рамките на програмата на *Одделението за социјална, детска и здравствена заштита*, при *Сектор за јавни дејности*, поддржани се 47 проекти и програми кои се реализирани за поддршка на ранливите категории. Поддршката на инклузивното образование е во функција на придобивките кои ги имаат децата кои имаат потреба од помош, како и тие кои ја даваат помошта, бидејќи нема индивидуа на која не и е подадена рака. Така се гради взаемноста, така се воскрева вебата во човечноста.

Честитки за секој што се вложува во оваа програма. Се отвора нова страница за дејствување, заедничко вложување. Како претставници на *Град СКОПЈЕ*, зедно со колегата Абдула Аеми – помошник раководител на *Сектор за образование на Град СКОПЈЕ,* имавме прилика да се сретнеме и лично да поразговараме за предизвиците со директори и наставници со училиштата на територија на *Општина АЕРОДРОМ*.

Благодарност до *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* и до м-р Верица П. Гичева за оваа инспиративна и значајна активност.

д-р Весна Дамчевска Илиевска

Потоа се обрати *м-р Тане Димовски*, *Раководител на сектор за образование, спорт и култура* на *општина Аеродром* (ОА поддржувач).

Следеше обраќање на Александра Цветановска, педагог во склоп на проектот.

Од страна на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* беа доделени благодарници и прикладни спомен подароци на донаторот *Град СКОПЈЕ*, поддржувачот *Општина Аеродром*, училиштето домаќин *ООУ "Лазо Ангеловски"*, како и сите директори претставници на осум основни општински училишта во општината (ОА). Благодарници добија и сите предавачи учесници во проектот.

Мотивациско говорење

Наставниот и стручен кадар, кое е осветлен со визија и преданост, претставува неизмерна сила во образованието. Истиот, се стреми кон инклузивно учење кое го обликува и поддржува разнообразниот развој на потребите на секое дете.

Во контекстот на училишното образование, основата на успешноста на секоја индивидуа лежи во неизмерливата моќ на мотивацијата. Веруваме дека во инклузивното учење, кадарот е движечка сила која што го води вистинско зобогатување на потенцијалот на секој еден ученик.

По завршување на официјалната церемонија, следеше мотивациско предавање на *Проф. Д-р Зендел Абедин Шехи*, што ја заокружи целокупната манифестација.

Во завршниот дел на проектот, беше одржан мотивациски говор со фокус на темата на инклузијата. Овој говор не само што ги поттикна присутните, туку и испрати силна порака. Преку артикулираната порака и мудро избрани зборови, Проф. Др- Зендел Абедин Шехи се обиде да ја заокружи целосната искуственост на проектот, истакнувајќи ги значењето и предизвиците на инклузивното образование. Овој дел од манифестацијата го заокружи со академска длабочина, нудејќи го контекстот и значењето на инклузивната образовна пракса како еден од централните делови на проектот.

Изрази на благодарност

Благодарност на донаторот, *Град Скопје* (Секторот за јавни дејности, Одделение за социјална, детска и здравствена заштита на Град Скопје), кој го овозможи овој проект проектот *„Социо-емоционален развој на деца во инклузивно образование"* и публикацијата *ИНКЛУЗИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА КАДАРОТ ВО ООУ*.

Благодарност на *Општина Аеродром* за безрезервната поддршка во овој процес.

Благодарност и признание на сите училишта во Општина Аеродром (*ООУ „Лазо Ангеловски"*, *ООУ „Блаже Конески"*, *ООУ „Браќа Миладиновци"*, *ООУ „Љубен Лапе"*, *ООУ „Ѓорѓија Пулевски"*, *ООУ „Димитар Македонски"*, *ООУ и ПОУ „Гоце Делчев"*, *ООУ „Александар Македонски"*) кои се вклучија во проектот и истиот го збогатија со активно учество.

Овој проект и истражување е само почеток на патот кон подобрување на инклузивните капацитети во училиштата.

Веруваме дека резултатите и препораките од ова истражување ќе послужат како водич за идните напори и проекти, кои ќе ги оформиме заедно со образовните институции, наставнички и стручен кадар

Јакнењето на капацитетите на човечките ресурси е приоритет во кој е потребно да инвестираме финансиски средства, труд и време. Само заедно можеме да изградиме посилни инклузивни капацитети и да обезбедиме подобро образование за сите ученици.





Објава, 12 Ноември 2023 година:



ЈАВЕН ПОВИК ЗА БЕСПЛАТНА ОБУКА ЗА СТУДЕНТИ ПО МЕДИЦИНА
КАКО ДА ОСТАНЕТЕ ЗДРАВИ И ЗАДОВОЛНИ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДЕНОВИ

ЕУ Институт Скопје во соработка со *Медицинскиот Факултет* во Скопје, има чест и задоволство да објави јавен повик на кој може да се пријават сите заинтересирани студенти од Медицински факултет.

Со оваа блог објава, ги известуваме сите студенти по медицина дека може да се пријават на бесплатното едукативно предавање на тема: *КАКО ДА ОСТАНЕТЕ ЗДРАВИ И ЗАДОВОЛНИ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДЕНОВИ*.







Менталното Здравје на Младите Студенти секогаш е во фокус на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*.

Ова предавање го организираме со цел да се зголеми свеста и разбирањето за менталното здравје кај младите студенти, воедно да дадеме поддршка кон тајната на вашиот успех во текот на студирањето.

Датум и Време: Предавањето ќе се одржи на ден Вторник, 21ти Ноември 2023 година, со почеток во 17 часот.

Локација: Амфитеатар Деканат, Медицинскиот Факултет при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, лоциран на ул. 50 Дивизија бр.6,1000 Скопје, РС Македонија
Организатор: Ова предавање е организирано од страна на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* во соработка со *Медицинскиот Факултет* – Скопје
Кој може да учествува: Сите студенти на Медицински Факутет
Цел на Предавањето: Предавањето има за цел да ги освести и обучи младите студенти на Медицинскиот Факултет за значењето на менталното здравје и начините, предлози, како да се грижат за него, истовремено ќе се понудат техники и алатки за справување со стресот и предизвиците што ги носи студентскиот живот.
Програма: На предавањето ќе бидат обработени теми како менталната здравствена состојба, стресот и како да се справите со него, и начините за поддршка на сопственото ментално здравје.
Ќе се обратат: Проф. д-р Марија Вавлукис – продекан за наука на Медицински Фафуктет, Верица П. Гичева – претседател на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*
Рок за пријава: Најдоцна до 19 Ноември 2023


Важна напомена: Сите пријавени учесници, потребно е да пополнат *анкетен прашалник* најдоцна до 19.11.2023 односно два дена пред започнување на предавањето. Оваа активност е од суштинска важност за понатамошни активности и иницијативи.

Секој студент кој ќе го пополни анкетниот прашалник и ќе присуствува на предавањето добива сертификат за учество!

Овој сертификат не само што го наградува вашето учество туку и ви дава можност да го додадете во вашата академска и професионална биографија. Вашиот придонес не само што ќе има влијание врз вашето сопствено разбирање за менталното здравје, туку и ќе помогне во развивањето на нови обуки и предизвици поврзани со менталното здравје на младите.

Вашите искуства и мислења се критични за нашата истражувачка и образовна иницијатива. Вашите размислувања, и резултати од прашалникот, во иднина ќе прослужат за креирање нови настани и обуки, помагајќи во подобрувањето на грижата за менталното здравје кај младите луѓе.





Ве поканuваме да бидете дел од оваа важна иницијатива, да го пополните анкетниот прашалник и да го споделите со вашите колеги. Вашиот глас има значење и сертификатот што го добивате е признание за вашиот придонес во подобрување на менталното здравје на младите студенти.

Ве очекуваме на ова несекојдневно предавање и веруваме дека ќе дадете свој придонес кон подобрување на менталното здравје на младите студенти. Не заборавајте да пополните анкетниот прашалник и да го споделите со вашите колеги!

Можете да ни пишете на: *info@euinstitute.eu* или за повеќе информации да се обратите на *071 799 108 Амра Ејуп*, студент на стоматологија и контакт лице одговорно за овој настан на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје – U4FUTURE*

Вашето учество и придонес е од голема важност и ќе помогне во подобрувањето на грижата за менталното здравје кај младите луѓе.

Објава, 26 Ноември 2023 година:



КАКО ДА ОСТАНЕТЕ ЗДРАВИ И УСПЕШНИ ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДЕНОВИ

Инспиративно предавање на тема Менталното Здравје: Интерактивност, Мотивација и Поддршка за Младите Студенти

На 22-ри Ноември 2023 година, во амфитеатарот на *Медицинскиот факултет* при *Универзитетот „Св. Климент Охридски"* ЕУ ИНСТИТУТ Скопје одржа впечатливо предавање на тема *Менталното здравје на младите студенти по медицина*. Во организација на младинскиот клуб *U4FUTURE* на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*, ова предавање беше вистинска патека на иновативни идеи и стручност во областа на менталното здравје.

Оваа иницијатива на младите лидери во *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* беше реализирана по еден месец интензивно истражување кое беше предводено од *младинските студентски организации*. Целта беше истражување на предизвиците и потребите за поддршка на младите студенти во доменот на менталното здравје.

ечерта започна со најавата од Филип Петковски, координатор на млади во *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*.

Амра Еjуп, практикант во *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* и претставник на *Комисијата за ментално здравје* на *Медицински Факултет* Скопје даде вовед за предизвиците кои студентите секојдневно ги искусуваат. Во име на студентите таа ја изрази потребата за поддршка и ресурси во оваа област.

Професорите и предавачите *м-р Верица Пндилоска Гичева* и *Проф. Д-р Зендел Абедин Шехи*, како и гостите од Град Скопје, *Проф. Д-р Весна Дамчевска Илиевска*, говорејќи за

своите богати искуства и успешни практики, имаа за цел да ги инспирираат студентите за развој на позитивен став, мотивација и зголемување на сам

Ми беше чест што вечерва имав прилика да се обратам на студентите на Медицинскиот факултет, со препораки за справување со стрес. Благодарност за поканата од *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*, м-р Верица Пандилоска Гичева и почитуваниот Проф. Д-р Зендел Абедин Шехи, експерт од областа на Комуникациите.

Проф. Д-р Весна Дамчевска Илиевскаодовербата.

Верувам дека психо-социјалната поддршка и грижата за менталното здравје се клучни аспекти во студентската средина. Се гордеам што можам да бидам дел од иницијативата за подобрување на менталното здравје на студентите во соработка со Медицинскиот факултет. По своите искуства и непрекинато вклучување во работата со студентите, верувам дека секој од нив има потенцијал да ги надмине предизвиците и да гради позитивен став кон животот и учењето. Настаните како овој не само што ги информираат студентите, туку и нѐ надградуваат во размислувањето и поддржувањето едни на други. Верувам дека нашата соработка ќе продолжи да ги подига важните прашања и да ги збогатува иницијативите за поддршка на младите во нивното образование и личен развој.

Верица Пандилоска Гичева – Претседател на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

Во текот на настанот, секој студент доби сертификат за учество, доделен со голема благодарност до студентските организации на Медицински Факултет кои активно учествуваа во истражувањето и организирањето на настанот. Овој настан ги заслужува пофалбите и признанието за постојаната поддршка и ангажираност на младите студенти и професионалната заедница во областа на менталното здравје.

Како професор и активен учесник во областа на менталното здравје, го забележав значењето на овие иницијативи во помагањето на студентите да развијат позитивни ставови кон себе, своето учење и општеството. Стремежот да им се обезбеди поддршка и да се направи разлика во животите на младите е нешто што го поттикнува моето учество во овие видови на настани. Верувам дека менталното здравје е клучен дел од успехот и развојот на секој студент, и сметам дека нашата работа заедно со студентите и останатите колеги ќе им помогне да го постигнат нивниот потенцијал. Соработката со студентите и нивната посветеност за подобрување на менталното здравје ме води на уверување дека заедно можеме да направиме значителна разлика во нивните животи и во образованието.

Проф. Д-р Зендел Абедин Шехи

Macedonian Medical Students Association (MMSA), *European Medical Students Association* (EMSA), *Faculty Student Assembly Association of Medical Students* (FSAAMS) и *Комисијата за ментално здравје* (Committee for Mental Health). Сите овие студентски

организации беа активни учесници во извршувањето на истражувањето и организацијата на настанот.

Со големо задоволство, *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* преку доделување на благодарници за успешна соработка им изразува благодарност на овие организации за нивната активна улога и потпора во справувањето со предизвиците на менталното здравје кај студентите.

Ви благодариме на гостопримството и вашата желба и интерес за соработка на вакви теми. Вашата активност и поддршка беа неизмерни во реализацијата на ова успешно предавање на тема на менталното здравје. Веруваме дека ова е само почеток на понатамошна успешна соработка. Секогаш на студентите им стоиме на располагање за сите идни потреби.



Фотографија 29: Амфитеатар Деканат, Медицински Факултет-Скопје, предавање

Објава, 04 Ноември 2023



ИНТЕГРИРАНА СОРАБОТКА: Одговорност и можности за комуникациски вештини и развој на детето ОГБ

Со радост споделуваме информација дека Јавната установа за деца – детската градинка "25 Мај" (ОГБ), во соработка со сите нејзини клонови (Сонце, Синоличка, Искра, Детелинка, Морковче, Пони) потпиша меморандумот за соработка, со цел штитење на заеднички цели и интереси со ***ЕУ ИНСТИТУТ Скопје***. Ова е уште еден чекор во нашата веќе неколкугодишна соработка, што ја потврдува нашата решеност за поддршка и развој на заедницата (ОГБ), особено во областа на образованието на нашите најмлади граѓани.

Соработката започна во 2022 година, благодарение на општина Гази Баба, која беше главен донатор на проект за *Социо-емоционален развој на децата во предучилишно образование*. Оваа иницијатива стана основа наша заедничка понатамошна соработка.

Во текот на 2023 година, со поддршка на општината, *ЈУДГ "25 Мај"* и *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* успешно реализираа проект насловен *"Комуникациски вештини"* за негувателките, воспитувачките и стручните служби. Овој проект беше уште еден важен чекор во подобрувањето на квалитетот на образованието и воспитанието на децата, што се одразува на целата заедница.

Оваа нова фаза на соработка претставува континуитет на нашите заеднички напори за развој и подобрување на условите за нашите *најмали*.

Од потпишувањето на меморандумот па се до реализацијата на проектите, постигнавме значителни резултати, креирајќи погодности за подобро воспитание и образование на децата во сите градинки (ЈУДГ "25 Мај" и ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ") на територијата на општината (ОГБ) .

Оваа соработка е голема прилика за заеднички труд и иновации во предучилишното образование. Нашата заедничка ангажираност и посветеност кон развојот на образованието на децата е континуирана и ова го потврдува нашиот иден фокус на подобрување на квалитетот на образованието и воспитанието, како и на иновации во оваа област.

Овие иновации и подобрувања се нешто што го посакуваме за нашите малишани. Честитки на сите вклучени за оваа соработка и заедничката ни ангажираност кон подобрување на образованието и воспитанието на децата, што е есенцијално за нашата заедница.

"Според сите меѓународни истражувања, раниот детски развој е од суштинско значење, каде децата кои учат рано имаат значително подобри перформанси во образовниот процес. Со ваква цел, започнуваме нов процес што ги јакне професионалните компетенции на нашите воспитувачи и негователи.

Искуството од секојдневната работа на нашите воспитувачи и негователи, го надополнуваме со нови знаења од практиката и последните научни откритија во предучилишното воспитание и образование.

Клучната тема на овој процес е културата на говорот меѓу нашите воспитувачи, комуникацијата со семејствата и заедницата, креирање на партнерски односи и подигнивање на свесноста за значењето на предучилишното воспитание и образование!

Денес, нашите воспитувачи и негователи не ни укажуваат само на важноста на заедничката работа, туку исто така се посветени на унапредување на својата воспитно-образовна практика, сè со цел да ги збогатат стимулациите што ги нудат и што ги поттикнуваат на децата за учење и развој.

Голема благодарност до тимот на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* за соработката и поддршката што ни ја обезбедија за подобрување на нивото на нашето воспитно-образование во текот на 2022/23 година. Нивната помош е клучна за успешната работа и згриженоста што ја посветуваме на нашите воспитаници.”

Марина Анѓелкова Арсова – Директор на ЈУДГ “25 Мај“ Општина ГАЗИ БАБА – Скопје РСМ

Објава, 19 Декември 2023



“ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ – ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ“

Завршна Манифестација: Успешни резултати од проектните активности

Доаѓањето на крајот на еден извонреден проект е како стигнување на врвот на планината – едно феноменално патешествие со исклучителни искуства и доживувања.

Уште на самиот почеток и формирање на стратегијата и методологијата, проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ – ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ* беше повеќе од обична идеја, тој беше стапка кон еден поинаков свет, свет на можностите и

успехот. Оваа завршна манифестација и промоција не е само крај, туку почетокот на нешто ново и прекрасно. Дозволете ни да ве одведеме низ приказната за промените, за учењето, и за несвојствениот напор што го направија младите жени со помош на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* во нашата заедница (Општина АЕРОДРОМ) за да зачекорат на патот на претприемништвото.

Вовед

Секоја идеја, секој почеток, секое претприемништво започнува со едно семејство на идеи и стратешки вовед. За нас, тоа беше почетокот на еден визионерски проект насловен како *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ*, поткрепен со монограмска публикација насловена *ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ* кој претставува навигациски водич за млади кои ќе тргнат на пат кон претприемништво.

Одлуката на младите жени да ги искористат своите идеи и способности за да започнат свои претпријатија е витална во денешното време. Зајакнатиот капацитет на независност на младите девојки ги поддржува во изградбата на посилно и одржливо општество. Преку проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ*, жените стекнаа не само вештини за успешно претприемништво, туку и самодоверба со која се осмелија себеси да зачекорат кон овие патишта. Оваа иницијатива на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* им нуди можност да ја изградат своја идентичност и да придонесат кон економската и социјалната трансформација на нашата заедница (ОА).




Фотографија 30: Фотографија од завршен настан – За ЕУ ИНСТИТУТ Сопје, фото Горан Десковски

Историја на проектот

Проектот “ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ – ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ” започна со визија за да ги поддржи и поттикне младите жени во нивните претприемнички начини на размислување. Целта беше јасна, да се овозможи на жените да ги претворат своите идеи и способности во одржливи бизниси и така да го засилиме присуството на жените во бизнисот во општината (ОА).


Проектот вклучи разновидни активности, од обуки за развој на претприемнички вештини до менторство и финансиска писменост. Интерактивните обуки и алатките за работа, обединети во програма (заедно со публикација) насловена како *ОД ПОЧЕТОК КОН*

УСПЕХ, беа мост за младите девојки кон нивната самодоверба, мотивација и креирање на одржливи бизнис планови.



Фотографија 31: Звонко Гичев – Предавач и оперативен директор на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје, фотографија он обука

Овој проект им обезбеди на учесниците нови знаења и вештини, не само за нивниот професионален, туку и за личниот развој. Нивното искуство-вистински израз на промената која се случи, не само во нивната персонална увереност, туку и во начинот на размислување за можности и предизвици, кои стојат пред нив.



Фотографија 32: ВПГ и Александар Сибиновски – Директор на СУГС "Владо Тасевски"-Скопје

Со оваа иницијатива, младите девојки беа поттикнати да ги искористат своите потенцијали и да ги претворат во бизниси кои не само што ќе го збогатат нивниот живот, туку и ќе имаат позитивен ефект врз заедницата. Проектот не само што ги зајакна капацитетите на учесничките со нови знаења и вештини, туку и ги поттикна да ги прифатат предизвиците на претприемништвото како можност за креативност и раст. Секоја девојка која беше дел од оваа иницијатива, научи како да биде иницијатор на промена, промовирајќи идеи и вклучувајќи се активно во развојот на заедницата. Затоа,

овој проект има потенцијал да креира трајни ефекти, не само на индивидуално ниво, туку и во општеството како цел.


Младите жени, поддржани и обучени со вештини за претприемништво, постојано се трансформираат во влијателна снага во заедницата, ставајќи ги своите идеи на дело, како можност за понатамошно креирање на работни места и придонесувајќи кон економскиот раст. Нивната свесност и присутност во претприемничкиот свет стана еден важен дел од градењето на посилно, инклузивно општество кое ги вклучува сите гласови и перспективи.

Целна група и постигнати резултати

Целна категорија беа средношколки, девојки и млади жени кои живеат, учат или работат на територија на Општина АЕРОДРОМ-Скопје, РСМ. Се потрудивме да создадеме услови за поттикнување на младите жени во нивните претприемнички амбиции. Целта беше да им се обезбедат знаења и вештини преку обуки и работилници, за да можат да развијат свои идеи во одржливи бизниси. Резултатите покажаа зголемен степен на самодоверба и мотивација кај учесничките, овозможувајќи им да изградат стабилна основа за своите идни предпријатија и заедниците во кои живеат.

Промоција на публикацијата *ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ*

Со особена гордост и задоволство ја креирав оваа монограмска публикација, *ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ*, која во иднина ќе претставува соодветен водич со есенцијални чекори за влез во претприемништвото.



Фотографија 33: Публикација: ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ автор ВПГ, фото Горан Десковски

Оваа публикација како ресурс е дел од проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ* е создадена како израз на поддршка и водич за младите жени, охрабрувајќи ги да ги искористат своите идеи и да ги претворат во успешни бизниси. Содржи практични

совети, идеи и стимулативни ресурсни алатки, создадени со цел да ги охрабрат и поддржат идните младите жени во нивниот претприемнички пат.

Книгата има за цел да ги води читателите преку процесот на создавање на успешен бизнис од самиот почеток, од идеа до реализација. Оваа публикација претставува компилација на најважните чекори, стратегии и совети од проектот, кои се фокусираат на развојот на претприемнички вештини кај младите жени. Би нагласила дека истата нуди практични информации, идеи и ресурси што ги поттикнуваат жените да ги започнат своите претприемнички патувања. Креирана е како навигациски водич кон осмислен, одржлив и успешен претприемнички подвиг.

Верувам дека темите и содржината на овој прирачник ќе бидат од корист за младите жени и идни генерации кои ќе сакаат од идеа до реализација да го трасираат својот професионален претприемнички пат.

Од свое лично име и од име на тимот на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* сакам да се заблагодарам на сите кои учествуваа во проектот. Процесот на менторството и истражувањата им го отвориј патот кон знаење, иновации и претприемнички способности на младите девојки.

Оваа визија произлезе од потребата за поддршка и вовед во светот на претприемништвото за младите жени во нашата заедница, општина АЕРОДРОМ-Скопје РСМ.

м-р Верица Пандилоска Гичева – Автор на публикација ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ
Претседател и основач на ЕУ ИНСТИТУТ Скопје



Фотографија 34: Завршен настан од преоктот ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ 2023 – фото Горан Десковски

Искуства на учесници во проектот и нивно влијание на претприемнички способности

Основен дел од нашата работа во *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* е вовлекувањето и поддржувањето на младите претприемници, нивното искуство и напредок во својот

претприемнички пат. Значителен дел од тоа е добивањето на фитбек од учесниците на проектите. Една од нив е делото *„ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ"*, каде младите жени имаа можност да ги надградат своите вештини и идеи во претприемнички подвиг. Сега, со гордост, споделуваме тестемонијал од една од учесничките, која го истакнува значењето на тоа искуство и како тоа го олеснило нејзиниот претприемнички пат.



Фотографија 35: Вања Василевска – СУГС "Владо Тасевски" учесникво проектот, фото Горан Десковски

Искрено многу сум благодарна што ми се пружи шансата да бидам дел од обуката за претприемништво за младите дами, затоа што е реткост некоја организација да направи нешто во овој контекст посебно за нас младите.

На обуката се стекнав со многу нови знаења околу претмприемништвото, кој цели можеме да ги постигнеме, да заземаме ризици и на кои начини би можеле да ги исполниме истите тие цели што би си ги поставиле сами на себе си. Како за почеток површински имав создадено многу идеи околу оваа тема на кој начин би сакала да создадам нешто свое, но кога би требало да го погледнеме самиот пазар и конкуренцијата во зависност со што би сакала да се промовирам и издвојам од другите стигнав до одредено елиминирање на неколку идеи па во текот на овој период ќе продолжам да истражувам за да пронајдам и создадам нешто што би било корисно за потрошувачите, но и успешно на пазарот со постојана потрошувачка и одржлива цена.

Многу голема благодарност изразувам и до предавачите што ни го изнесоа целото нивно знаење и ни оставија простор за да прашаме што и да ни е потребно за секоја дилема и за поддршката која би ни ја пружиле доколку се одлучиме да заземеме улога во претприемништвото.

Вања – средношколка СУГС "Владо Тасевски" (ОА) – Скопје, РС Македонија



Фотографија 36: СУГС "Владо Тасевски" – Учеснички во проектот ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ, фото Горан Десковски

Импакт и заклучок

Проектот *ПРЕТПРИЕМНИЧКА СИЛА ЗА МЛАДИ ЖЕНИ – „ОД ПОЧЕТОК КОН УСПЕХ"* не само што го поттикна претприемничкото размислување, туку и го олесни патот кон иновации и креативноста кај младите жени во општината (ОА).

Со гордост и задоволство го забележуваме позитивниот влијание врз заедницата, каде тие, зајакнати со нови вештини и идеи, сега стануваат дел од економската сцена, креирајќи сопствени бизниси, стекнувајќи самодоверба и завземајќи го своето место во светот на претприемништвото и реалната економија.

Овој проект не само што создаде нови можности за само-вработување, туку и постави цврст темел и основи за подобрување на бизнис заедницата во општината (ОА), менторирајќи ги младите претприемнички духови како есенцијални делови на локалниот бизнисен пејсаж. Иако проектот заврши, влијанието што го остави е забележително, оставајќи впечатокот на социјалната и економска инклузија и инспирирањето на нови поколенија претприемнички умови на територија на Општина АЕРОДРОМ-Скопје, РС Македонија.



Фотографија 37: Михаела Коцева – СУГС "Владо Тасевски"

Вклучувањето на жените во претприемништвото не само што го засилува нивниот личен развојство, туку и отвора пат за просперитет и напредок за целата заедница.


Објава, 28 Ноември 2023



Заштита на менталното здравје: Нашата соработка за благодет на студентите по медицина

Ние, *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје* и *Медицински Факултет* при *Универзитет "Св. Кирил и Методиј"*, со гордост ја објавуваме нашата нова соработка која има за цел да реализара активности кои се во функција на подобрување на менталното здравје на студентите по медицина.

По успешно реализирана соработка на проектот *Како да останете здрави и успешни во студентските денови* (2023) потпишавме Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со Медицински Факултет – Скопје , поставувајќи ги заедничките интереси и цели на студентите како нашата заедничка првична фокусна точка.



Фотографија 38: Амра Ејуп и Филип Петковски



Фотографија 39: ВПГ – Презентирање на истражувачки резултати

Придружите во заедницата U4FUTURE

Ве покануваме да станете дел од заедницата U4FUTURE на *ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*. Во оваа заедница, младите се среќаваат и обединуваат заедно за поддршка, иновации и развој на идеи. Доколку сте заинтересирани да се вклучите и да ги споделите своите идеи и искуства, очекуваме ви во нашата заедница во добро расположение.

Заштита на студентското ментално здравје

Оваа нова фаза од нашата соработка е поддржана од истражувањата и резултатите од студијата за *Менталното Здравје на Студентите по Медицина 2023* , која што е производ на нашата досегашна работа. Ова истражување е срце наша ангажираност и го идентификува значењето на капацитетите на менталното здравје на студентите.

Истражувањето ќе биде официјално публикувано. Резултатите и препораките ќе послужат за креирање на идни активности.

Нови работилници и предавања за подобрување на здравствениот капацитет

Резултатите од истражувањето ќе послужат како почеток нашата визија за подобрување на *студентското ментално здравје*. Планираме да развиеме нови работилници, предавања и програми за поддршка кои што ќе ги подигнат капацитетите на студентите за управување со стресот и подобрување на нивнато благосостојба.

Нашата ангажираност за иднина

Со нашата соработка и целосно ангажирање кон заштитата на менталното здравје на студентите, нашиот *Меморандум за соработка* е само почетокот на патот што го планираме за нашите заеднички активности. Посветени сме на креирање одржлива, збогатувачка средина за сите студенти.

Секој чекор е важен! Во тој контекст, подготвени сме за подобрување на менталното здравје на студентите по медицина. Со искреност и ангажираност, ги поздравуваме нашите нови почетоци и напредок.